СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Третото продолжение од Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 мај 1998 година

Скопје, мај 1998 година

**ДЕВЕДЕСЕТА (90) СЕДНИЦА, III ПРОДОЛЖЕНИЕ,**
**ОДРЖАНА НА 14. МАЈ 1998 ГОД.**

... амандманска расправа по ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

1. АБДИ ФАИК 30, 54, 56, 66, 88
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 85
3. БАЈРАМ АМДИ 41, 62, 74, 75
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ 7, 13
5. ГОШЕВ ТУШЕ 28, 68
6. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР 23, 25, 27
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ 5
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 18
9. МИНОВ ПАНЧО 32, 80, 83
10. МАРКОВСКИ РИСТО 62
11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН (го заменува председателот) 1
12. НИКОЛОВ ЈОВАН 40
13. РАМАДАНИ САЛИ 83
14. СПАСОВ ЃОРЃИ (министер за правда) 6, 14, 16, 23, 43, 44, 45, 47, 50
15. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 9, 36, 63, 65, 90
16. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 15, 31
17. ТАНТАРОВ ВЕЉО 28, 37
18. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 38
19. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА (го заменува претседателот) 57
20. ХАСИПИ КЕНАН 52, 57, 77
21. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 41, 42
22. ШАПУРИЌ ЗОРАН 21, 24, 25, 26, 27, 38, 39, 42

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Деведесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 мај 199 8 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа по 9 0-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Горѓи Атанасов, Слободан Богдановски, Јане Анѓеловски, Марјан Начевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Јордан Божиновски,Димче Настоски и Милчо Трајков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието на РМ и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи при одлучувањето по амандманот на член 48 став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, 1Бупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиовски и Слободан Најдовски немаше доволен број пратеници, амандманот пов-горно го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 48 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 2, поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Исмет Рамадани, Сејфедин Харуни, Газменд Ајдарага и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор господинот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 4 8 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Ќенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има, збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 49, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Благодарам.

I/4.-

Отворам претрес по амандманот за менување на член 50, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиовски и Слободан Нај довски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

13 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 50 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиовски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, би сакал да го образложам овој амандман повеќе за јавноста, а помалку за вас затоа што не верувам дека сте спремни да го прифатите. Содржината на овој амандман е следната.

Пратеничката група на ЛДП предлага во членот 50, по став 1, да се додаде нов став 2 со следната содржина, цитирам:

"Јавните гласила од став 1" - се мисли на сите јавни гласила кои се финансираат во дел од Буџетот на Република Македонија и чии основач е Собранието на Република Македонија - "се должни да обезбедат точно, урамнотежено и непристрасно емитување вести за активностите на политичките партии и листите на кандидати во изборната кампања".

Пратеничката група на ЛДП се одлучи да го предложи овој амандман затоа што бевме сведоци на многу злоупотреби кои се случуваа на последните локални избори и на парламентарните избори, поради тоа што често пати во ударните термини на МРТ, Македонското радио или печатените медиуми се фаворизираа одредени политички партии, односно немаше точно, урамнотежено и непристрасно емитување на вести за активностите на политичките партии од позицијата и опозицијата за време на изборната кампања.

Охрабрување да предложиме ваков амандман ни даде и експертизата на Националниот демократски институт со седиште во Вашингтон, во чија експертиза е наведено дека точното, урамнотеженото и непристрасно емитување на вести за активностите на политичките партии дури е поважно од донесување на некаква одлука за рамноправно медиумско претставување на политичките партии за време на изборната кампања.

Од тие причини, за да има навистина фер и демократски избори, за да се сведат можните употреби и злоупотреби на јавните гласила кои се финансираат дел од Буџетот на Република Македонија, сметаме дека би било добро да се прифати овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Само кратко образложение. Владата не ја оспорува потребата од точно, урамнотежено и непристрасно емитување на вести за активностите на политичките партии и листите на кандидати во изборната кампања. Меѓутоа, сметам дека тоа не може да се обезбеди со еден ваков амандман токму во еден ваков изборен закон, бидејќи тоа е професионална обврска на сите новинари и сите гласила во Република Македонија и постојат други одредби и други закони со кои се уредува. Ако ова биде ставено во овој закон, тогаш ќе ја предизвика обврската да формираме некое тело кое точно ќе утврдува што значи точно информирање, што значи урамнотежено, што значи непристрасно информирање и по тој основ всушност да се оценуваат јавните гласила и да се водат дебати во рамките или по изборната кампања. Меѓутоа, сите работи во врска со тоа се решение со овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 51 за менување на став 2, поднесен од пратениците Кире Видимче,и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор господинот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со член 51 од Предлог законот се предвидува општините или градот Скопје да дефинира која партија на кое место ќе поставува пропаганден материјал пред изборите. Дали е потребно на овој начин да создадеме обврска и тежина за носителите на власта во локалната самоуправа при спроведувањето на парламентарните избори и уште повеќе, дали е потребно да создадеме можност за субјективизми и зли намери при таквите определувања на местата за пропаганда. Мислам дека крајно тоа не е потребно. Очигледно, ако се инсистира така да биде, претпоставувам дека се има некои други намери, а намерите ќе ги има веројатно и на есен.

Затоа, предлагам да ги отстраниме сите тие можно варијанти или проблеми и да го прифатиме амандманот, односно да бидат определени само местата каде ќе се изложуваат пропагандните материјали, а не и лоцирање таа политичка партија или кој предлагач каде да излага пропаганден материјал.

I/8.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 54, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара; збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54, поднесен од пратеникот Ќенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 1 за бришење на став 3 и за менување на став б, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, ова е еден од посуштинските амандмани каде што се регулира забраната или дозволата за одржување на предизборни собири во одредени верски објекти, болници, домови за стари, училишта, детски градинки и други јавни институции. Мојата интервенција е следната.

Од оваа забрана Која што потоа се регулира по исклучок дека и во простории на училишта и културни центри и јавни установи може да се одржуваат собири, ако нема друга можност, сакам да се внесе еден ред и една рамноправност во користењето на овие простории. Имено, за што се работи?

Зависно од моменталната припадност на одговорните лица, постои ризик одредени објекти, училишта, јавни институции некој да ги користи и секојдневно, а некој да бара дозвола и да не му биде дадена со образложение дека во изборната единица или во населеното место

постои друга просторија во која може да се одржува собирот. Искуството ни покажува една хаотичност во овој поглед, каде што најчесто од политичката припадност на директорот, на одговорното лице можат или не можат да се одржуваат предизборни собири. При ова би сакал да укажам на следното размислување.

Не е предизборен собир само собирање на 200,300, 1000 или 5000 луѓе. Предизборен собир е и контакт со група граѓани,активисти, активисти во месни заедници, набљудувачи, членови на избирачки одбори итн. Сето тоа е во функција на предизборна кампања и досега искуството е негативно. Најчесто одговорното лице ќе ни даде одговор дека ресорниот министер не му дава дозвола или не е тука ресорниот министер и практично не можеме да добиеме дозвола за користење на просторија. Или просториите на општините или на локалните самоуправи, исто така влегуваат во оваа категорија. Во овие простории се одвиваат секојдневни активности на партиите од чии редови е градоначалникот. Тоа е факт, така и ќе биде. Сега ние со овој член кој е идеален, кој е идеален во едни идеални односи и созреани услови, членот е прекрасен, не би требало да инволвираме училишта во кампања. Меѓутоа, ние не можеме да одржиме собир, утредента ќе видиме присуство на ресорен министер во истото тоа училиште.

Мојата интервенција е да се дозволи предизборен собир во училишта, јавни институции и културни центри, а да биде забрането користење на простории во домови за стари, болници, верски објекти и детски градинки. Значи, јас ги категоризирам просториите. Овие кои ги користиме сега да бидеме искрени, најчесто тоа се училишта, јавни институции и слично. Дали може еден директор на училиште било кое, дали може еден директор на центар на Завод за вработување, па нека биде и центар за социјални работи да не дозволи користење на

простории за матичната партија. Утредента ќе ризикува да биде сменет од позицијата. Зошто да ги доведуваме луѓето во една таква состојба амандманот е конкретен, во сите овие простории да се овозможи користење на сите кои имаат потреба. Конкретни случаи: под јавни институции ги подразбираме просториите и на единиците на локална самоуправа. Еве конкретен случај. Гостивар нема градоначалник, нема повереник, кој ќе одобри користење на просториите во единиците на локалната самоуправа. Тие простории ќе се користат само во функција на партијата која ја има власта таму. Слична состојба имаме и во Тетово. Ние сега бараме простории, најнов бисер, бараме просторија за партиска активност сега кога не е предизборна кампања. Едноставно го нема градоначалникот затоа што е зафатен со други работи и немаме одговор дека треба да одржиме таква активност.

Според тоа, санкциите што се предвидуваат нема да бидат ефикасни. Се предвидуваат санкции ако не се даде, затоа што не може да биде компензација, дури и евентуална парична казна ако вие не можете да ја извршите активноста во терминот во кој е предвидена. Затоа, мислам дека амандманот заслужува едно внимание, затоа што ја олеснува работата и на ресорното министерство и на сите институции, училишта, центри, локална самоуправа. Може сите други набележани објекти, не може да се одржуваат предизборни собири.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

I/12.-

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиоски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 3, и член 60 став 5, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 58 алинеја 1 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана и од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со оглед на тоа што очигледна е намерата на г-динот министер да не прифаќа ниеден амандман на опозицијата, а фактот ќе го покаже старото дека истиот овој амандман што го давам сега јас е многу сличен, да не речам ист со амандманот на позицијата и тој ќе го прифати. Јас во тоа име и во името на сите други амандмани кои ги одбив и во делот на

тоа каде што во законот се предлагаат дури и неуставни дејствија, како што е забранување на собирање без најава, иако во Уставот стои дека може да се собира било кој и било кога и ако сака ќе го најави собирот, а вие во законот предлагате да мора да се пријави собирот. Јас во тоа име ги повлекувам понатамошно сите амандмани, доколку вие ги прифатите амандманите на позицијата кои се исти како мојот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи, амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 1 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа. Тој е потполно идентичен со амандманот на г-динот Видимче, каде што заборавил во својот амандман кога го предложил да напише дека продолженијата на реченицата мора да се избрише за да не дојде во коалиција со она што се предлага во амандманот. Бидејќи беше предложена редакциска измена на амандманот мораше да се направи со друг амандман бидејќи тоа не беше направено.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 6 0 за додавање нов став 6 по став 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Николина Трајановска, Илија Каров, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се бара да бидат обезбедени авансни средства за изборната кампања за политичките партии.

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, пратеничката група на ЛДП во членот 60 став 5 инсистира да се додаде нов став 6 кој јас ќе го цитирам.

"Политичките партии кои освоиле најмалку 5% од гласовите на изминатите парламентарни избори имаат право на аванс, на надомест на трошоците за изборите кои ги определува Комисијата од став 5 на овој член . "

Вие знаете дека сите партии во РМ освен владеачката не располагаат со средства, а со никакви средства не располагаат партии кои се помали, затоа се дава овој амандман со цел да се овозможи рамноправно учество на политичките партии на изборите и агитациите пред из борите.

II/4

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман бара на граѓаните да им бидат доставени покани за време на изборите. Бидејќи се јавува во повеќе варијантни Владата не го прифаќа. Сега ќе дадам едно образложение, за сите понатамошни варијанти на истиот овој амандман.

Владата не го прифаќа од проста причина што на сите граѓани ќе им бидат поделени избирачки легитимации во кои што точно напишано она што се сака да постои во поканата - избирачкото место, место и објектот во кои што ќе се гласа и ќе биде точно наведена адресата на избирачот заедно со другите податоци што ги содржи избирачката легитимација. Во таа смисла сметаме дека ќе се објави јавен повик за изборите и нема потреба да се прават дополнителни трошоци со покани што ќе ги содржат истите податоци што веќе ќе ги имаат добиено на избирачката легитимација граѓаните на РМ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор.

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Го повлекувам амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 5 поднесен до пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 1 за бришење на тодчка 4 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир СТанковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 1 точка 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимциоск и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на членовите 66 и 67 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Со амандманот се предлага нов начин на гласање кој што е познат и застапен во многу земји во развиена и демократска Европа и кој би значел кандидатите и кандидатските листи да не се поредуваат под реден број 1,2,3,4 и не се заокружува редниот број пред кандидатот или кандидатската листа, туку пред листата или пред името и презимето стои празен круг и тој празен круг се штиклира, таканаречана, се става некој знак во него. На тој начин на граѓаните не би им се кажувало од почеток

гласајте за број 3, гласајте за број 5, не би имало кандидат број 1, не би имало кандидат број 13 итн. Ова е познато и применето во многу земји во Европа и повикувам да го поддржите амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 6 7 став 1 за додаваше нова точка 1-а поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предвидува на пропорционалната листа покрај името и презимето на подносителот на листата односно името на партијата да стои и името и презимето на подносителот на листата. Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 1 за бришење на точка 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска,

Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиоски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Амандманот се повлекува.

Отворам претрес на член 67 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се повлекува бидејќи по претходно усвоениот амандман тој станува беспредметен.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 69 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиоски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предлага гласањето да се одвива наместо од 7-19,00 часот, од 8 до 20,00 часот.

Бидејќи изборите ќе бидат во доцна есен амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој друг бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 85 за додаваше нов став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани пратеници, почитуван министер.

Со амандманот се предлага гласањето да се врши со покана. Имено, амандманот гласи "гласањето да се врши со покана до секој избирач, која се доставува најдоцна 7 дена пред одржувањето на изборите". Поканата содржи бројот на изборната единица, број на гласачко место, означување на избирачко место, име и презиме на гласачот, адреса, датум и времето на одржувањето.

Сметаме дека избирачката легитимација не може во целост да ја замени поканата. Имено, имаме искуство со два циклуса парламентарни

избори 1990 и 1994 година и се покажа дека менталитетот на граѓаните е таков што навистина сакаат да добијат покани.

Јас кажав, само ќе повторам две реченици. Апстиненцијата од изборите на гласачите може да биде многу опасна за државата. Сите политички партии и ние треба да ги стимулираме граѓаните, да им овозможиме такви прописи кои ќе овозможат нивно масовно учество. Доколку ги стимулираме граѓаните спротивно да не излегуваат на избори, можно е да се насочуваат своите проблеми да ги решаваат вон институциите. Со овој амандман ние сакаме токму обратното. Да ги усмериме граѓаните кон институциите, да ги стимулираме масовно да излезат на изборите и да им овозможиме активно да партиципираат во демократијата давајќи го својот глас. Најважно е граѓанинот да излезе, воопшто не е важно, второстепено е за која политичка опција ќе гласа, меѓутоа граѓанинот треба да излезе и политичките субјекти и од позицијата и опозицијата да го стимулираат граѓанинот да ја решава својата судбина, на своето семејство, на своите блиски и на својата држава. Да решава за својата безбедност, за својата економска политика и да решава за можноста да му се дава можност да решава за сите витални проблеми.

Јас кажав дека апстиненцијата е абнормална односно патолошка, ненормална појава за сите политички погледи освен за некои елитистички погледи и тоа во радикални варијанти. Бидејќи немаме елитистички побуди во РМ нелогично би било да не се прифати еден амандман со кој се стимулира граѓанинот да излезе на гласање да го даде својот глас, што е најважно и примерно за остварувањето на парламентарната демократија, ако сакате и за демократијата воопшто.

Оттука почитувани пратеници ве повикувам да го усвоите овој амандман, бидејќи сите ние и како поединци и како политички партии сме должни своите погледи да ги ставиме во функција на граѓаните земени како индивидуи, како поединци и на народот во целина. Ние сме должни во нивен интерес да работиме и да носиме такви прописи кои ќе бидат пред се во нивни интерес.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Владата ан РМ исто така е заинтересирана да обезбеди масовно учество на изборите и за таа цел за прв пат во парламентарниот живот во Македонија ќе бидат поделени избирачки легитимации, кои што на секој избирач во РМ ќе му бидат доставени дома, на кои што ќе биде запишано неговото име и презиме, неговата адреса, неговиот матичен број, ќе биде запишано местото и објектот во кои што ќе се гласа, изборната единица каде што треба да се појави, и секоја избирачка легитимација ќе биде доставена со посебна доставница на која што секој граѓанин на РМ ќе се потпише дека ја потврдил таа избирачка легитимација во функција на покана. Денот на изборите ќе биде објавен јавно и ќе биде нагласен толку пати преку средствата за јавно информирање кој ден ќе бидат одржани ,а и самите политички партии тоа ќе го сторат. Оттука сметам дека дупли трошоци на нашата држава навистина не и се потребни.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Малку ми падна непријатно, не од министерот туку од претходниот говорник дека тие кои не излегуваат или не излегле на изборите, претставуваат некоја патологија, или патолошко нешто.

Или нека се извини за тоа, затоа што е голем бројот на тие кои не излегуваат или во спротивно ќе правам коментар во врска со неговото кажување.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Очигледно г-динот Ивановски погрешно ме разбра. Јас реков дека сите политички погледи, значи погледите на сите политички партии и кај нас и секаде сметаат дека не е добро да не излегуваат граѓаните масовно на избори. Сите се залагаат за активна партиципација на граѓаните. Сите политички погледи, сите политички партии и се она што е апстиненција смета дека не е добро, како за политичките субјекти, така пред се за граѓаните и државата, освен одредени политички погледи кои што ги кажав елитистички. Јас сметам дека во РМ немаме такви етитистички погледи. На последната прослава и одредени претставници на СДСМ јавно се оградија од било каков елитизам и во другите партии нема такви погледи и само тие погледи сметаат дека е добро да не излегуваат луѓето на избори. Обратно пак, другите политички поглед и кои сметаат дека е добро, сметаат дека ако граѓанинот излезе, ако го даде својот глас е способен да ја решава својата судбина. Амандманот и образложението на амандманот беше во таа смисла дека единствено исправен политички поглед и во интерес на граѓаните е да му се овозможи односно да биде стимулиран да ја искаже својата волја и да му се дадат максимални можни услови да партиципира во демократијата.

**ЗОРАН ШАПУРИК: (**продолжение)

Давајќи го својот глас тој одлучува за себе, за своето семејство, за својата иднина и за иднината на своите блиски.

Обратно пак, доколку не излезе, тогаш демократијата не е во развој и нешто не е во ред. Значи, амандманот е таков што бара стимулација на што помасовен одѕив на изборите. Освен тоа, имаме и таква традиција, се покажа дека нашите граѓани сакаат да добијат покана, а тоа го потврдија изборите 1990 година, 1994 година. Значи, има веќе два циклуси на парламентарни избори кога е покажано дека граѓаните, дека во нивниот менталитет лежи дека сакаат да добијат покани. А, дали некој граѓанин ќе излезе или не, тоа е негово право и негова волја. Оттаму, вие не ме разбравте. Не е добро политичките партии да носат такви прописи односно субјекти каде што граѓаните нема масовно да излезат. Се разбира, дека право на секој граѓанин е тој да одлучи дали ќе учествува на избори или не. Меѓутоа, наша работа е да носиме такви прописи што ке ги стимулираат да излезат масовно на изборите.

Тоа е. Ако имало некое недоразбирање, гледам се подготвувате за реплика, подготвен сум подоцна ...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Ивановски.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Не е фер од мене да расправам за работа за која некој кажа. Мојата интервенција беше дека неизлегувањето или апстиненцијата на избори претставува патолошка појава. Тоа беше мојата интервенција. Тука е напишаното. А, ова, почитуваниот мој пријател Шапуриќ, што сакаше да каже е оно што јас сакав да кажам а не тој што кажа. А сега откако он кажа тоа а јас не мислев тоа што он кажуваше, туку јас кажувам

сега, правото е на граѓанинот дали ќе излезе или не, но ниту еден нема право овде, па најмалку да употребува термини што претставуваат дегенеративна работа, во натаму, тука стои, претставува патолошко.

Неизлегувањето, не е во ред. Јас го кажав тоа а не г-динот Шапуриќ. Но тој го кажа тоа дека неизлегувањето претставува оноа не го повторувам по трет пат, и тој требаше, моето излегување беше да се извини како еден вид лапсуз дека морбидност, патологија не е за ова говорно место. Ако тој мисли дека тоа треба да го потврди, нека излезе тогаш јас ќе почнам да разговарам со него со- сема и професионално и пратенички

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Добро, само една реченица, се надевам дека нема да продолжи и понатаму.

За мене, неизлегувањето на избори не е добра работа. И не само за мене, за сите политички погледи. Зборот стои во стенограмот, може да проверите како е и очигледно погрешно сте ме разбрале г-дине Ивановски. За мене е недобра појава и ненормална појава за сите политички погледи граѓаните да отсуствуваат од избори. Вие, очигледно сте помешале нешто, медицински...

(реакции од место)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, да се ислушаме.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:** (од место)

Такви се или не? Кажи, точно ли е или не е.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, немојте од место да интервенирате.

III/3.-

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Вие, очигледно сте побркале некои политички термини и правни со медицински термини, може би согласно вашата професија. тоа е во ред. Меѓутоа, јас сакав да кажам дека не е добра појава граѓаните да не излегуваат на избори. За вас ако е добра појава тоа е ваше мислење и нема да се јавувам повеќе.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Ивановски.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Г-динот го потврди тоа јас што го кажав. Ненормалното и патолошкото во речникот за кој тој веројатно знае е исто. Тој рече,"патолошко е". Јас интервенирав само за зборот патолошко. А, "ненормално е" е исто што е и патолошко. Јас барав да се извини и пред македонската јавност дека не треба парламентарец, кој не е квалификуван за таа работа да ги прогласува луѓето за патолози или за ненормални. А кој е граѓанинот, тој ке гласа како што сака.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Расправаме за амандманот.

Има збор г-динот Шапуриќ, реплика.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Очигледно г-динот Ивановски импутира некакви невистини, да не кажам потешки зборови, бидејќи дигнитетот не ми дозволува, гледам подготвен е и понатаму да оди.

Употребува зборови што јас не сум ги кажал. Тие граѓани кои не излегуваат на избори тој ги прогласува такви или вакви да не употребувам негови зборови, а вие...

(реакции од место)

...а вие г-дине Тантаров ако не разбирате правна и политичка

терминологија, тоа е ваш проблем. Јас кажав дека за политичките погледи не е добра таа појава.

III/4.-

(Реакции во салата)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Г-дине Шапуриќ, Тантаров со тебе ништо не реплицираше. Меѓутоа, она што го бара д-р Ивановски, ти, ако имаш малку совест ќе станеш на оваа говорница и ќе се извиниш.

И, малку да го упростам тоа што го вели г-динот Ивановски, патолошки, затоа што нашите избирачи не знаат што е тоа патологија, да кажеме отворено дека г-динот Шапурик ги нарече дека тие се ненормални и будали луѓе, ако не дојдат на гласање.

Во тој контекст мора Шапуриќ овде да се извини. Ако не предлагам седницата да се прекине, да се добие стенограмот што рекол Шапуриќ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, ова е плурален повеќепартиски парламент.

Ние расправаме по амандманот и треба да прекратиме со дискусиите дали некој ќе го толкува, протолкува терминот итн. итн.

Продолжуваме со расправа по амандманот на членот 7 5 за додавање нов став 2.

Има збор г-дин Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами н г-да пратеници,

поднесениот амандман дефакто, станува збор за технолошкиот дел од законот и мислам дека сведувањето на технологијата во врска со членот 22 став 2 каде што избирачкото право е слободно право на секој граѓанин во РМ, нема врска. Оттука, не треба да се прават верзиите за

изедначување со едното со другото. Технологијата на изборите е поефикасно спроведување на процедурата за доаѓање до резултат од гласањето.

А, што станува збор, г-динот Шапуриќ што кажува дека технологијата на законот ќе го зголеми излегувањето на граѓаните на гласање, тоа е една толку мала причина во политичкото оптирање на граѓаните, а ќе кажам и од кои причини.

Излегувањето на граѓаните на изборите е избор на политичка опција и легитимирање на правниот поредок што сакаат да го изградат преку давање, пренесување на суверенитетот на претставниците во парламентот кои треба да ја творат таа парламентарна демократија. И, оттука, основна кондиција на зголемувањето на масовно излегување на граѓаните е претерирањето на соодветната опција што треба земјата да ја изгради. А, никако не е соодветната процедура предвидена со законот.

Да кажам дека се огромни моделите на процедурата на спроведувањето на изборите и дека технолошкиот дел никако не претставува пречка на слободното излагање на волјата на граѓаните. Во афричките земји гласањето се спроведува со фарбање на прстот на секој кандидат кој ќе излезе да гласа. технологијата е една процедура, слободното изразување на волјата на граѓаните преку оптирањето изборот на можноста на политичката опција во земјата е нешто друго. Обично, масовното неизлегување, кога граѓаните не прифаќаат ниту една политичка опција што се нуди за градење на тоа општество за кое се нудат изборите.

Оттука имаме мали одзиви, поради тоталитарни правни системи што ги имаме во земјите од една страна.

Од друга страна, неефикасни правни системи во политичката понуда што даваат поличките партии во градењето на тие правни системи. Оттука таа технологија нема никаква врска.

Јас предлагам, бидејќи ја отежнуваме процедурата во врска со спроведување на изборите, таквата опција да отпадне. Граѓаните слободно да одлучуваат дали ќе излезат или не.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Зборуваме за амандманот.

Има збор г-дин Абди Фаик.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине потпретседател, дами и господа пратеници, почитуван г-дине министре,

Овој амандман јас некако поинаку го сфаќам, без да навлезам во некоја друга стручност, нека ми извинат сите што зборуваат така или вака, амандманот го сфаќам како еден напор да може граѓаните да добијат покана, затоа што луѓето со поканата ќе знаат каде да одат да гласаат. А не за некоја политичка опција. не е тоа работата.

Работата е граѓанинот да не лута, кое избирачко место му е, да знае таму треба да гласа, во ова или она училиште итн. Мислам дека само од тие аспекти треба овој амандман да се гледа и да нема граѓанинот лутање, горе-долу и да се добие покана. во праксата се случува без покана одредена групација на луѓе, платени за секое едно ливче, на некое коше ќе најдеме таму 200- 300 ливчиња. Па на друго место, па на трето место.Ноќта пред из- борите еден ден. Тоа е праксата. Не е лошо луѓето да добијат покани. Никаков прекршок не е. И не од некој си модернизам ако сето тоа се подразбира дека треба да се

III/7 . -

излезе, ако имаме некоја установена пракса два - три пати веќе гласаме на едно исто место, знаеме каде е, во ред е. Овде имаме нови состојби. Знам дека не е лошо да се прифати ова што го предлагаат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Станковски.

Расправаме за амандманот на член 75 за додавање нов став 2.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпреседателе, дека за тоа треба да зборувам. Јас ке зборувам токму за тоа. Нема да избегам од темата. Сакам само да го потврдам тоа што се заговара со амандманот дека граѓаните мора а се стимулираат со писмени покани да дојдат на гласањето и да ја извршат својата обврска.

Со тоа не правиме ништо лошо. Од друга страна, од технички аспект тоа е многу едноставно, бидејќи задолженото ресорно министерство не е само за легитимации и избирачки списоци, преку својата автоматска и компјутерска обработка низ системите може да го реши на многу лесен начин, имајќи ги сите тие релевантни податоци.

Се работи за една штампа, да се изразам во часови, а кои покани би се доставиле до сите граѓани, а со тоа се зголемува можноста и се стимулира граѓанинот да излезе на избори. Јас мислам дека нема партија во оваа држава која не е за оваа опција.

Затоа, ве поканувам уште еднаш да го поддржите овој амандман.

Благодарам.

III/8 . -

**ЏЕЛАДИН МУАРТИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Барањето со амандманот да се воведе поканување на граѓаните со избирачко право на денот на одржување на изборите, со точно насочуваше на кое избирачко место и од кога до кога, што значи и каде се наоѓаат на избирачкиот список, мислам дека не е ниту техничко прашање ниту толку наивно прашање па да г-динот министер, како претставник на Владата, не го разбира или ете, како еден прилог кон техниката на организирање на изборите и евентуално него прифати.

Нема друга логика и нема друго објаснување ако се тргне од фактот дека тоа е едно уставно право граѓанинот со избирачко право да бира и да биде биран.

Ако е тоа уставна категорија, ако е уставно право регулирано и во основните одредби од овој закон дека во РМ, има општи, непосредни и тајни избори, ако од тоа не е наспроференца и кон постигањата демократски во повеќепартизмот и парламентарната демократија, нема друго објаснување освен тоа дека прашањето се дига на ранг, на политичко прашање од аспект на политичката власт која е и носител на предлогот на законот.

Од кој аспект? Од аспект на тоа дека ниту опозицијата, застапувајќи го и аргументирајќи го ова прашање и поднесениот амандман како прилог на подоследно и поцелосно остварување на бирачкото право на граѓанинот за негово помасовно излегување, не верувам дека секому не е јасно дека ако поканувањето значи прво една информираност, пред се информираност, а понатаму поканувањето значи и однос на државата кон граѓанинот. Еден чесен однос кон тоа дека ете, државата е во обврска да ги организира непосредните и тај ни гласања, го прави и гестот во организацијата, лично секој граѓанин, како

избирачко право му се обрати со покана за негово информирање, и на некој начин лично, непосредно, покрај јавниот повик за гласање.

Зошто е политичко прашање? Политичко е од аспект на анализи, според мене на актуелната власт, која је носител на овој предлог на закон, на пример, интерес на истата е помал број на процентност на излегување на гласачи и на наредните непосредни претстојни парламентарни избори, да излезат, каде што нормално, бидејќи е пошироко незадоволството во поголема структурна застапеност кај граѓаните од вршењето на оваа актуелна власт, социјалдемократскиот сојуз, таквото незадоволство, таквата апатија од вкупното она што како последица го има остварувањето на оваа власт, таквото нерасположение и таквата пасивност кон тоа дека и со излегување на изборите не може да се изврши никаква промена, тоа е содржано и во неприфаќањето на овој амандман,односно оди во прилог на тоа да не излезат помасовно граѓаните. Помасовно и во поголем одѕив да не го остварат своето право затоа што во таков случај, бидејќи е незадовоството од вршењето на актуелната власт многу поголемо отколку што е на идното гласање претпоставката дека со помал процент на излегување и поголеми можности и простор преку манипулација преку злоупотреби,преку разни притисоци и условувања, користејќи ги инструментите и средствата на актуелната власт да се повторно добие, не дај боже, одредено мнозинство од партијата сега актуелна на власт.

Во таа смисла сметам дека нема никакви аргументи, нема никакви причини,освен политички и тоа актуелни, на оваа партија на власт, на ова парламентарно мнозинство земајќи ги предвид сите аргументи напред кажани, пред се уставното уредување на ова право на граѓанинот да биде биран и да бира, сметам дека е неопходно да се прифати амандманот секој граѓанин со избирачко право да биде од државата и лично и непосредно поканет на денот на одржувањето на гласањето. Тоа

ќе биде сигурно во прилог на помасовно излегување на изборите. Не верувам дека и оваа актуелна власт не и е целта да не одиме на границата на одѕив на гласачите, како до сега што беше, помеѓу 50-60%. Тоа се повтори на последните парламентарни избори, тоа се повтори на последните локални избори.

Ако веќе целта е поинаква, што помасовно граѓаните да се изразат во своето непосредно изјаснување на гласањето, тогаш ова е сигурно еден од многу битните примери, личното поканување што е и содржина на амандманот. (реакции од место)

Инаку, г-дине потпретседателе, вие ако имате нешто, треба прво да се изјасните за вашиот однос кон политичката основа што ве предложи за потпретседател, и не од место. Ако сте пратеник и потпретседател, прво тука, не ви доликува како потпретседател да одговарате. Па и претходно г-динот Тантаров се обраќаше како пратеник, а г-динот потпретседател не интервенира за тоа дека не е во ред. Исто како што моето не е во ред што вам ви се обраќам и вашето...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, немојте директно да се обраќате.

IV/1.- ПЈ-ВБ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 7 5 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ГОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа. Овој е идентичен амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој) Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 7 5 за додавање нов став 2 поднесен до пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Има збор г-дин Стојановски.

IV/2.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во членот 7 5 каде што е предвидено можност за гласање на избирачките места во земјата и кој што амандман јас го повлеков, да речам, од членот 4, за да го приложам кон овој член 75, предвидува нов став 2 кој што гласи:"Гласањето се врши лично и во конзуларно-дипломатските претставништва на Република Македонија во сите земји каде што истите се формирани." Целта е практично, да овозможиме, се разбира еден мал дел на наши, кои што живеат во други земји да го искористат уставното право, кое што генерално им го дозволува Уставот на РМ на сите кои што поседуваат државјанство на оваа земја, за да можат да го остварат своето бирачко право.

Енигмата каде, како и што тука е веќе потесно средена, значи, само таму во оние држави, во оние градови каде што имаме званични конзуларно.-дипломатски претставништва. Тие земји се знаат, функционираат. Званични амбасади, конзулати и сл., не предлагам она што го дискутирав во општата расправа дека како можни објекти може да бидат дури и претставништва на Стопанска комора, државна комора, ја елиминирам таа можност. Ја елиминирам можноста за црковни општини засега итн., и се сведувам само на овие наши званични органи на државата. Можете да претпоставите што би значело од политички аспект и какво задоволство би било кога не би ишле многу далеку, кога би можело да се обави гласање на граѓани кои што имаат македонско државјанство во Белград, во Софија, во Солун или Атина, мислам дека тоа би било празник и точно би значело не она што многу политички партии имале зацртано во своите програми само декларативно, туку и оператив но.

Во програмата на Демократската партија на Македонија, покрај другото стои "грижа за сите оние кои што живеат во соседните земји". Дали има поголема грижа од она да се овозможи гласање за претставници во матичната татковина. Мислам дека не треба да бидеме оптоварени со тоа колкава ќе биде масовноста, како ќе се гласа, за кого ќе се гласа,

треба да имаме доверба дека овие граѓани се информирале и својот глас ќе го дадат таму каде што и треба да биде нивниот долгорочен интерес, а не моменталната политичка позиција или со- стој ба.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

За збор се јави г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Амандманот на г-динот Стојановски е добар, ,меѓутоа, мислам дека г-динот Стојановски како Македонец има пропуштено нешто во овој амандман. Тој добро знае дека Македонија е единствена земја во светот што се граничи сама со себе, па сметам дека во овој амандман требаше да прошири, избори да се извршат и во Пиринска Македонија и Егејска Македонија и во српскиот дел на Македонија и во албанскиот дел на Македонија. Со тоа ќе имавме поголема демократија во спроведување на наредните избори.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да водиме сметка за што зборуваме.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 6 за додавање нов став 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

IV/4.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се предлага на наредните избори да може да се гласа и без избирачка легитимација, а тоа би ја направило избирачката легитиамција беспредметна. Оттука, амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-ѓата Трајановска.

НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:

Почитуван потпретседателе, навистина, со овој амандман немаме никаква намера да ја омаловажиме и да ја направиме беспредметна легитимацијата избирачка. Меѓутоа, би сакала, цитирам што бараме."Доколку некој избирач не поседува гласачка легитимација, а е заведен во изводот од единствениот избирачки список и го докаже личниот идентитет со лична карта или патна, исправа, на истиот му биде дозволено гласање." Токму овој амандман го предлагаме од причина што може да се случи одреден број на избирачи да не може да добијат благовремено избирачки легитимации, за што не сносат вина, туку пропустот да биде во надлежниот државен орган што ги доставува истите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави г-динто Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Пред да го објаснам амандманот, деловнички би сакал до потпретседателот бидејќи претседателот не е тука, би го замолил

потпретседателот за време на седниците, за време на одржување на седниците да се забрани точење на алкохол, бидејќи има некои пратеници, очигледно, под дејство на алкохол и дофрлаат цело време . Во иднина, навистина не би му личело на Собранието да се точи алкохол во Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не гледам дека се точи некаде алкохол.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Во бифето.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Доле може слободно во бифето. Тоа бифе за тоа е. Не е за состаноци.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Ниту во бифето, бидејќи навистина се создава лоша слика за ова.

Во врска со овој амандман би сакал само неколку збора. Министерот рече дека треба да градиме такви услови каде што позицијата и опозицијата ќе си веруваат меѓусебно. Сега со оглед на тоа што власта го организира доделувањето на поканите, која е гаранцијата дека, јас не велам дека може да се случи, тоа намерно, можеби ненамерно, а може да биде и некоја грешка, но, која е гаранција за опозицијата дека одредени членови на политички партии, симпатизери од опозицијата намерно нема да добијат избирачки легитимации. Ние бараме само една гаранција одбрана од евентуална злоупотреба, а се со цел конструктивно да се создаде меѓусебна доверба. Па и утре кога ќе се смени власта или било кога да се создадат такви услови на меѓусебна доверба, за да се отстрани секое сомневање. Инаку, ние како што гледаме во

меѓународните експертизи, таму постојат независни агенции, институти каде што само политичките партии партиципираат. Тие независни агенции и институции ги вршат сите овие работи околу избори, а не државниот орган. А, во конкретниов случај државните органи ја вршат дистрибуцијата и изготвувањето на избирачките легитимации и се друго и се поставува прашање сега, бидејќи власта е во рацете на една партија, а утре можеби пак во другата,. меѓутоа секогаш треба да има односи на доверба. Пракса во многу земји е независни институции, независни агенции, независни дирекции, ако се сеќавате таа идеја и кај нас се заговараше пред две до три години, меѓутоа не се оствари, за жал. Праксата во тие земји да има независни органи кои што ќе ги вршат тие дејствија во врска со спроведување на изборите. Со оглед на тоа дека ние немаме, тоа го прават државните органи, а државните органи секогаш ќе бидат во рацете на една партија, ние предлагаме овој амандман како одбра- на, повторувам од евентуална злоупотреба односно евентуална неажурност во дистрибуција на избирачките легитимации.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Процедурално бара г-динот НИколов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Господине потпретседателе, мислам дека, сепак, овие луѓе овде не заслужуваат да се руши дигнитетот на поединците, а и на целото собрание. Ве молам, ако веќе претходниот колега пратеник изрече една вистина или невистина, мислам дека треба да употреби уште една реченица да се изврши алко-тест на пратениците. Значи, толку ниско падна дигнитетот на поединците на Собранието. Ве молам, за понатаму интервенцијата треба да постои и од потпретседателот.

Молам, сепак, треба да си го зачуваме своето достоинство.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Пошто падна недоверба кај нас пратениците овде во Собрание многу алкохол се точело во Собраниево, во ресторанитe, јас предлагам како пратеник имам забелешка, за да биде тука во Собранието исправна работата, има специјални ампули пред влегување во Собранието да се направи алко - тест на секој пратеник, да му се изврши, а не сега овде да видиме дали е некој пијан или е трезен. Мислам дека најубаво ампула пред да влезе во Собранието, а тест на алкохол нека му се направи. Уште сега нека се донесат ампули за да видиме дали има некој трезен или пијан овде.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас ќе ве прашам. Дали сакате да работиме или да ја прекинувам седницата. Ве молам не сум ви дал збор, не излегувајте на говорница. Вие сте несериозни во овој случај сите. Секој барада работиме, а секој бара некој да пречи некој за алкохол, некој за друго, а расправаме по однос на законот за пратеници. Практично, сакате вината да ја фрлите на некој друг. Расправаме по амандмани. За збор се јави г-дин Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги и пратеници, можеби на сите тешко ни паѓа,. без разлика на партиската пирпадност кога се вреѓаме крајно некоректно, крајно непринципиелно и крајно нечовечки. Но поголеми две увреди денес што слушнав, иако не бев од самиот почеток, нема поголеми. И да е таа увреда, укажеше и мојот

почитуван колега, пратеник, д-р Павлов, ќе станев на оваа говорница. Не да се работи до спротивната партија, го молам колегата почитуван пратеник Зоран Шапуриќ, прво, ги нарече граѓаните дел од оние кои изелгуваат....

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам да зборуваме за амандманот.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

... ги сврсти во патолошка појава. Денеска слушнав на адреса на нас овде, можеби не мисли на сите, дека сме консумирале алкохол. Мислам дека испаѓа само дотичниот колега, почитуван пратеник Шапуриќ е психофизички спремен, способен и здрав да седи овде и да биде нормален граѓанин на Република Македонија. Јас лично, не како партија како Ванчо Чифлиганец тие епитети, етикетирања не ги прифаќам затоа што немам време ни вода да се напијам, а камо ли како г-динот дотичен пратеник, кој од 6 часа, седи 4 часа во бифето.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За амндманот ќе говори г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, прво јас не покажав на ниту една страна, како што вика тој "нас". Не знам од каде се најде прозван г-динот Чифлиганец, а говорницата сигурно се користи за политички маркетинг што е сосема нормална појава, меѓутоа, јас не знам тие одредени пратеници обвинуваат дена некој ги навредува, а како последниот говорник се служат со навреди, лаги невистини и клевети.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатираме дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77, став 1 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Ова е серија од три амандмани во која всушност сакаме да се обезбеди избирачкиот одбор да не може да ги чита сериските броеви Тоа ќе се обезбеди со прифаќањето на последниот амандман. Овој амандман не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 77, став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков, Зоран Шапруиќ и Илија Каров. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Идејата и на овој амандман е да не може да се читаат сериските броеви односно да се обезбеди тајноста на гласањето. И овој амандман не се прифаќа, бидејќи со следниот амандман сметаме дека го обезбедуваме тоа на тој начин.

IV/10.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77, став 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа и со него се обезбедува,всушност из-. бирачките ливчиња да бидат измешани и да бидат превртени од обратната  страна за да не може ниту членовите на избирачкиот одбор ниту на набљудувачите да го видат серискиот број.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 8 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

IV/11.-

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го повлекувам. Отворам претрес по амандманот на член 78 став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Илија Каров. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор министерот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман бара изборните кутии да бидат проѕирни. Практично тоа е веќе обезбедено со законот за избирачки места во кој што тоа е содржано и амандманот не се прифаќа. Нашата идеја е, всушност кутиите да бидат проѕирни само од горната страна и да се изврши затемнување, за да не можат всушност да дојде до било какво откривање на идентитетот на гласачот, да дојде до нарушување на тајноста на гласањето. Овој амандман не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 79 став 4, 5 и 6 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор министерот Спасов.

V/1.-ДВ/НД

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 81, за бришење на став 6, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Георгиев, Љубчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 82 став 5, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 82 став 7, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Меш- ков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиовски и Сло- бодан Најдовски и од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се бара важечките ливчиња да ги прогласува

избирачкиот одбор а не претседателот на избирачкиот одбор. Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 5, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков и Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 84, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Со овој амандман се врши прецизирање на тоа кои се важечки а кои се неважечки ливчиња и дозволете ми да ви го прочитам:

"Гласачкото ливче е важечко до колку е заокружено на начин предвиден во член 78 ставовите 1 и 2 од овој закон и е со соодветен сериски број .За важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за кои кандидати, односно листа на кандидати избирачот гласал. Гласачкото ливче е неважечко до колку не е пополнето, има заокружено повеќе кандидати, односно листи на кандидати и она гласачко ливче кое нема соодветен сериски број.

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 1, под- несен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров, Николина Трајановска, Петар Талимџиовски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи е содржан веќе во претходниот амандман за кој го извршив потребното појаснување,

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 84 став 1, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Даневски, Илија Каров, Петар Талимџиовски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 84 за менување на став 2, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

V/4.-

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 84.

Отворам претрес по амандманот на член 85 став 2 и 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 1, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Владимир Станковски, Владимир Соколовски, Николина Трајановска, Љупчо Мешков, Зоран Шапуриќ и Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 6 за додавање нов став, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 87, став 4, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

V/5.-

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на називот на Глава VI после членот 87, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 8 за менување на став 3 поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 89 за бришеше на став 2 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 89 за менување на став 4 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Владимир Соколовски, Славчо Чапов, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Илија Каров,Николина Трајановска, Петар Талимџиоски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Ова е клучниот амандман на опозицијата кој гласи:

- Во вториот круг на гласање учествуваат првите два кандидати кој добиле најмногу гласови од избирачите во првиот круг на гласањето.

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 9 став 4, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 4 и 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Николина Трајановска, Зоран Шапуриќ, Владимир Станковски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски, Слободан Данев ски, Илија Каров, Петар Талимџиоски, Слободан Најдовски и Славчо Чапов Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

Сега е беспредметен после прифаќањето на првиот амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 7, поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 8 9 за менување на став 7 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

V/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Бидејќи не е образложен амандманот за јавноста да кажам дека амандманот кажува, доколку во вториот круг два или повеќе кандидати добиле еднаков број на гласови, за истите предлагам да се организираат дополнителни избори, 14 дена од денот на одржувањето на изборите. Во текстот на Предлог законот стои дека тие се одредуваат со жрепка. Мислам дека е несоодветно претставник на народот да биде изрбан со жрепка. Можеби дополнително ќе ја оптовари Републиката, меѓутоа, редно е народните избраници да не одат со жрепка, да одат со гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 7 понесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристев ски, Персида Малинска, Рубинчо Белчевски, Драган Георгиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јаќимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 90 поднесен од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

V/8.-

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 2 поднесен од пратеницнте Кире Видимче и Илија Каров.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 2, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски, Митко Ристевски, Персида Малинска, Рубинчо Белчески, Драган Герргиев, Љупчо Беличев, Душан Данев, Бранирод Михајловски и Александар Јакимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 92 за додавање нов став поднесен од пратениците Кири Видимче и Илија Каров.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 9 3 став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана и од пратениците Кире Видимче и Илија Каров.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 94 за бришење на став 5 поднесен од пратеникот Фаик Абди.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

V/9.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, господине министре, гледам една нелогичност во она неприфаќање на амандманот што го поднесов. Ќе кажам од кој аспект.

Ако ние во РМ не знам колку точно луѓе имаме со право на глас, но да речеме дека се 1.600.000 и во тој мнозински принцип ако се подели на 35, тоа би значело дека во просек треба да има 47.000 гласа. Во пракса не излегуваат сите.

Овој праг што се става од 5% тој е повеќе отколку што е вкупниот број на бирачи поделено на 35. Каква логика има.

Понатаму, ако излезат да речеме 900.000 или 1.000.000 гласачи од прилика и тоа се подели на 35, тоа е некој резултат од 28.000, 29.000, а прагот е пак 50.000. Значи поголем е од вкупниот број на бирачи, поголем е и од она што треба да биде. Што е логиката тука. Ова е едната страна на математичката операција. Понатаму принципот на кој се пресметува можам да го пресметам како до тоа се доаѓа. Знам дека и вие знаете. Дали се сака во ова Собрание да има присуство односно лека полека партиите да се намалат од 34,35, колку се, јас не знам, да се дојде до окрупнување на партиите и да останат две, три, четири,пет и тн. Сигурно еден ден ќе дојде до тоа меѓутоа тоа е една далечна иднина. Што побргу ќе се развиеме како држава, што побргу интелектуално ќе бидеме во просек поблиску едни кон други, што побргу економски ќе се развиваме, одредени средини, националности, итн, тогаш таа економска и политичка рамноправност ќе придонесе да има во државата да речеме, две,три,четири партии. Сигурно ќе има и маркетинг онаков како што тре-

ба да има, не како денеска што се нешто и злоупотребуваше, дури ми е срам да го кажам, и нема смисла да се мешам во тие ваши расправии што ги правевте, меѓутоа, ова е нелогички затоа што сметам дека, ако сакаме да ги средиме тие мали политички партии или партии на одредени ентитети да нестанат или да бидат на ниво на некоја си месна заедница, во локалните избори да учествуваат или што ја знам, би биле многу неправедни, неоправдано би било од аспект на поширокиte повелби што ги прифативме како што беа конвенциите за човековите права, повелбата на ОН која што ја обелоденивме некаде 1990 година а јас знаев уште во 1956 година при моите студии во Лондон и што неможе овде да ја кажам, па сите тие пактови на кои сме потписници. Јас мислам оваа работа задира во една поширока проблематика. Мислам дека не треба воопшто праг да има. Ако според методот дојде до таков резултат со таков поглед дека има. Виде те има, еден еден, половина нема. Ако е 0,8 тогаш е еден. Ако е 1,4 нема, 1,7 нема. А 1,7 со заокружување резултатот е 2. Незнам што демократија ќе направиме. Каква е таа демократија. И не е лошо да има шаренило и за демократијата ќе се гледа поинаку, со поинакви мислења, затоа што овде во Парламентот ние се судираме со одредени мислења. Дури денес добив една, да речам мала корпа од еден наш колега пред странска делегација, притоа што се мислеше и се зборуваше дека Република Македонија е таква и таква, а чуле луѓето и во прашање беше и економијата на РМ.

**ФАИК АБДИ:** (Продолжение)

Јас земав збор и објаснував малку повеќе околу таа работа, за нашата историја, македонска историја на ова поднебје и еден колега пратеник рече дека многу сум одземал време, а има кој да ме запре, има претседател на комисијата. Изгледа не сте навикнати да се гледаме повеќе. Јас во овој Парламент како што знаете кога излегувам на оваа парламентарна говорница јас не зборувам два, три часа да ви одземам време, јас зборувам точно она:" не киша око Крагујевца", туку: тачно у Крагуевцу, во центарот на рамнотежата. Па дозволете да навикнеме еден на друг, па нека има и од тие мали ентитети, мали националности присуство овде, ако некои не го исполнуваат законот што го утврдивме овде, а не праг да ставиме, тоа е друга работа. Политичката припадност да ви кажам со еден збор на македонска телевизија ме праша новинарката 1993,1994 година во емисијата " Наслов без повод", дали Ромите ако членуваат само во ПЦЕР таму ќе се еманципираат? Јас реков, да, заради тоа што ПЦЕР го постави прашањето на Ромите пред Собранието на Република Македонија од својот прв конгрес одржан тогаш и тогаш. И лека полека тоа и наоѓајќи се во една перфектна и убава средина, средина на СДСМ, на Либерална партија, на Социјалистичка партија, ПЦЕР еден претставник итн, господата од ПДП ги прифатија нашите барања. Значи се најдовме во една убава средина и тие работи се решени. И треба да имате такви луѓе овде, не мора Фаик да биде, ќе биде некој друг. Сигурно ќе треба да има и такви мислења. Сметам дека ова е поголема демократија, ако нема избирачко тело, нема, меѓутоа ако има над оној методот по кој се обрачунува срамота би било во Република Македонија да го сакаме она што е неможно. И ако

вкупен број на бирачи немаме 50 илјади по гласач, од каде сакаме да најдеме 5%.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? ( Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (3 пратеници).

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отварам претрес по амандманот на член 94 став 5 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски и од пратениците Кенан Хасипи и Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Пред малку мислев да ја изразам мојата благодарност за кооперативноста на министерот за упатениот голем број амандмани и одеднаш ладен туш. Во секој случај јас како подносител на овој амандман сакам да го образложам имајќи во предвид дека во општата расправа бев многу краток.

Во општата расправа на Предлог законот за избор на пратеници респектирајќи го Вашето време го изнесов генералниот став на ДПТ на понудениот Предлог-закон. Бидејќи член 94 е од исклучително значење

на само за турската националност туку и за националностите кои во вкупната популација учествуваат со помалку од 5%, како и за помалите политички партии, дозволете ми да се вклучам во расправата за амандманите што се однесуваат на висината на изборниот праг дотолку повеќе што сите анализи покажуваат дека понудениот изборен праг од 5% не корелира со постојниот амбиент во Република Македонија.

Имено само да Ве потсетам дека при расправата за Нацрт-законот за избор на пратеници од оваа говорница изнесов дека доколку се прифати чист пропорционален модел каде целата Република би била една изборна единица изборниот праг да се намали од 5 на 2%. Доколку целата Република се подели на 10 до 15 изборни единици предложениот праг од 7% да се намали на 4%. Алтернатива во висината на изборниот праг за комбинираниот модел не изнесов од проста причина што не се знаеше соодносот помеѓу бројот на пратениците кои би биле избрани по мнозински принцип во однос на бројот на пратениците кои би биле избрани по пропорционален принцип. Јас овде нема да се задржам на предностите на овој или оној изборен модел, впрочем за тоа доволно беше изнесено од голем број пратеници туку ќе се задржам на понудениот комбиниран модел или поточно на понудениот изборен праг од 5% за делот од пратениците кои би биле избрани по пропорционален принцип. Во теоријата и во праксата на изборните модели кои во себе содржат пропорционален принцип (било чист пропорционален модел било комбиниран) постои тн., изборен праг. Висината на тој изборен праг е различна во различни земји и изнесува од 0 (како што е во Португалија што дефакто значи дека нема изборен праг) па се до 10 до 12% во други земји. Меѓутоа додека сум тука висината на изборниот праг произлегува

Од спецификите на дотичната земја но во принцип е поголем во земји со побројна популација и помалку изразена мултиетничност се со цел да се окрупнат политичките субјекти или да се поспеши нивно коалицирање што за последица би имала стабилна, дво или најмногу три партиска влада што секогаш и не мора да е така.

Пренесено на наш терен тоа значи дека во земја со околу 1.50000 илјади гласачи со мултиетнички состав во кое покрај македонскиот народ само албанците се побројни воведувањето на изборен праг од 5% де факто значи елиминирање од изборната трка на помалу бројните националности. (Турци, Роми, Власи, Македонски муслилмани, Бошњаци и други). Оттука, е сосема јасно дека или се работи за превид на Владата или што е уште потрагично се работи за свесно елиминирање на поедини национални колективитети од изборната трка. Ова дотолку повеќе што во работната верзија на Министерството за правда за конфигурацијата на изборните единици на повеќето од наброените националности не нуди ни теоретска шанса за избор на пратеник по мнозинскиот принцип. Ваквиот пристап директно се коси со сугестиите на бројните меѓународни институции при подготвувањето на изборниот закон сериозно да се земаат во предвид и меѓуетничките релации т.е. што е можно повеќе да се овозможи и учеството на националностите во законодавната власт.

Впрочем при амандманската расправа во врска со плус, минус 10% отстапување на вкупниот број гласачи во поедини изборни единици господинот Спасов се повика на Одлуката на Врховниот суд на Канада кој укажува дека при изготвување на добар изборен закон меѓу другото се препорачува да се внимава на малцинското претставување. Јас го

повикувам после тоа да го прочита тоа што го читаше пред еден ден. За жал со понудениот Предлог на закон за избор на пратеници Владата падна на тој испит. Што се однесува за турската националност во овие четири години преку фамозните проценти и квантификацијата на законот изгубивме одредени и практицирани права на овие простори како што се: службената употреба на јазикот и писмото, користењето на националните симболи и слично. Оттука, сосема е логична помалку нервозната реакција на ДПТ и на повеќето Турци на овие простори на понудениот Предлог закон за избор на пратеници кој дефакто не исфрлува од изборната трка и не сведува како декор во политичкиот живот на земјата.

Меѓутоа, нелогични се коментарите на ваквите наши реакции од типот:од турците тоа не се очекуваше, тие секогаш биле за соживот и дијалог, тие секогаш биле лојални на државата и слично. Ваквите коментари во најмала рака се цинични, дотолку повеќе што и покрај вербалните изјави за поддршка во пракса се случува токму спротивното. Оттука, нашите упорни обиди па и писмени барања до Министерството за правда да укажеме на последиците на ваквиот пристап не наидоа на поддршка што не го сваќаме како однос кон еден политички субјект или однос кон еден пратеник во ова Собрание туку како однос на цела една популација чиј единствен политички репрезентент е ДПТ.

Токму од овие причини при анализата на Предлог-законот ние баравме алтернативни решенија.

Тие беа три:

Прво, изборниот праг да се симне од 5 на 2% а потоа извршивме корекција на амандманот на 3% за што писмено е известено Собранието

од причини што при симулација на Донтовиот модел установивме дека процентот од 3% овозможува пореална поделба на мандатите иако самите знаевме дека за помалку од 5% популација овој изборен праг од 3% е тешко достижен;

Втората, алтернатива беше изборниот праг од 5% да остане додека за националностите чие учество во вкупната популација е помалку од 5% тој изборен праг да се намали на 2%;

Трета, алтернатива беше: доколку нема спремност од Владата да се прифатат едно од претходните две алтернативи да се обезбеди квота за турската националност на начин утврден со посебен акт на Владата. Има формула, господа.

Дозволете ми уште две мали појаснувања. Апсолутно е неточно дека со снижување на изборниот праг ќе се наруши идејата за дво или тро партиска влада или поточно речено нејзината стабилност од причини што сите анализи покажуваат дека со снижување на изборниот праг можат најмногу да се добијат уште 6 мандата во корист на национапните или помалите политички партии што во глобала не го нарушува вкупниот соодност во рамките на 120 пратенички места.

И второ, општо е познато дека во комбинираниот модел изборот по пропорционален принцип и висок изборен праг оди во прилог на појаките политички партии и апсолутно не држи тезата дека пропорционалниот дел овозможува рамноправно учество и на помалите политички партии како и политичките партии на националностите.

Јас подготвив две алтернативни решенија на амандманот 3. Користам прилика министерот за правда овде да се изјасни дали постои

од страна на Владата да прифати некои од овие алтернативни решенија за да подготвениот амандман се пушти во оптек. Инаку воопшто не ми е до политички маркетинг

**АМДИ БАЈРАМ:**

Исто така имам и јас дадено амандман, чекам да дојде мојот амандман, но сличен е со амандманот на пратеникот од Демократската партија на Турците. Мислам дека и ние Ромите со таков амандман сме, бидејќи и ние се наоѓаме во таква ситуација. Сметам дека со пропорционалниот модел со 5% дека тука сме оштетени националностите, помалите партии.

Го подржувам амандманот на пратеникот од Демократската Партија на Турците.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господине министре, почитувани пратеници, бидејќи потекнувам од град и од општина која е повеќе национална каде што има и Македонци и Власи и Турци и Албанци, сакам да го кажам своето мислење по овој амандман. Јас апсолутно не се согласувам со мислењето на претходните дискутанти дека висината на квотата е пречка за застапеност на некои помалу бројни националности во Парламентот, бидејќи мислам дека пред се ние сме граѓани сите на Република Македонија, а после припадници на одредени националности. Ако одиме по таа логика по сите пописи досега Власите во Македонија се некаде од 8 илјади до 9 илјади, па да ја симнеме квотата и до 1% и 0,5% нема да имаат можност да бидат застапени. Мислам дека припадниците на националностите својата шанса да

бидат застапени во Парламентот на треба да ја гледаат само преку призмата на одредени да кажеме национални партии, да кажеме Турците преку призмата на Демократската партија на Турците или Ромите преку ПЦЕР или некоја друга партија, или да кажеме Власите преку некоја влашка партија. Мислам дека можноста да бидат тие застапени во Парламентот преку членување како граѓани на Република Македонија. Да кажеме во други поголеми партии не значи дека тие не можат да бидат кандидирани да кажеме од СДС, или од некоја друга партија па да бидат застапени како припадници на националностите од некоја друга партија, не од овие национални. Затоа мислам дека овој амандман не држи, бидејќи ви реков, тогаш би требало да кажеме никогаш да нема Влав во Парламентот и квотата 0,5% да ја симнеме, а не значи дека нема, знаете вие колку Власи има во Парламентот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сум исто така предлагач на амандман во кој што прагот предлагаме да биде 3% и тоа од сосема други причини. Сигурно дека сите овие аргументи држат во услови кога веќе имаме едно повеќегодишно повеќепартиско искуство кое што дава резултати без оглед на сите наши тука и различни толкувања често пати со полн респект дека нашиот Устав е граѓански устав, дека често пати нема место за преголемо експонирање на колективитетите во однос на она што значат граѓани потполно рамноправни со сите права и слободи. Меѓутоа, сепак мора да констатираме дека овој висок праг од 5% носи следни опасности.

VI/9

Прво, основната примиса на пропорционален модел дека сите гласово ќе бидат еквивалентни паѓа во вода. Не може да биде еквивалент ако поголемите политички субјекти практично приберат ако не повеќе, но сепак еден значаен процент кој што верувам дека сигурно ќе се движи некаде околу 15%. Тоа не е занемарлива бројка, тоа е бројка која што во практични македонски услови значи околу 150 илјади гласови. Значи 150 илјади гласови нема да бидат валидни и на своето конто ќе ги стават поголемите политички субјекти. Со тоа значи правото на еквивалентност се елиминира.

Второ, искуството за стабилна Влада, нестабилна и слично исто така не држи затоа што во прашање имаме искуство од два мандата на парламентот и повеќе влади. Воопшто овие да ги речеме претставници на мали политички субјекти ниту придонеле, ниту биле опасност за дестабилизација на актуелните влади. Напротив прикриената и јавна тенденција дека мапите политички субјекти треба да се приклучат кон големите ја отфрлам со следниот аргумент. Имавме моќен Сојуз кој што ја дестабилизира владата, ја растури и во опасност беше стабилноста на државата. Една моќна групација со 90 пратеници, 100, 110 беа конечно. Според тоа, и тој аргумент на дестабилизација отпаѓа. Останува да изнајдеме едно компромисно решение и помеѓу првиот амандман и овој сега мислам дека бројката од 3% обезбедува да потполно неафирмирани политички субјекти не бидат во парламентот, или бидат принудени што е и сосема нормално како што сите размислуваме на коалиција.

VII/1.-СП/ЉР

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:(**продолжение)

Второ, сепак сметам дека е значаен потег што практично во Парламентот со исклучок на некои националности и тоа од други причини не заради тоа што немаме луѓе од таа припадност, добро е и во Парламентот да ги слушнеме мислењата на претставници на политичките партии кои за сега се стварност на политичко организирање на националностите со нормална визија дека треба да имаме граѓанско организирање и сите интереси, како што рече претходниот пратеник, се наоѓаат во политички субјекти, а не да одиме кон понатамошна гтоизација и издвојување, но сепак ако констатираме во многу прилики дека сеуште немаме созреано услови за да одиме чекор понатаму во одредени сегменти што и повеќе пати беше изнесено од оваа говорница овие три дена, мислам дека и во оваа насока треба да преовладува разумот дека прагот од 3% исполнува еден минимален критериум на едно сериозно политичко рангирање и елиминираме една многу голема опасност.

Јас би бил среќен кога особено партиите на националностите реално, ако е тоа можно, би одбрале политички партнер кој би обезбедувал нивна афирмација во сите насоки на она што значи политичко, општествено, културно и друго живеење. Се плашам од крајната спротивност дека одредени политички партии од националностите ќе бидат лесен плен и ги гураме во преградки на некакви поинакви интереси кои не сакаме да ни се случуваат.

Апелирам прагот од 3% да го усвоиме како реалност во однос на сето изнесено на вкупниот број на електоратот и на вкупните состојби во државата.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Јас не излегов да реплицирам некому, туку слушајќи го младиот господин, не знам како се вика, од СДСМ, она што го кажа и објаснувајќи некој термини на националностите волку се, онолку се, па нека повелат во СДСМ, па зарем не гледате каде сме ние, како е создадена оваа држава. Овде имаме стар состав од 7-8 души не повеќе знаете партизаните кога беа во рововите некој одеше напред од еднаш а некој ќе се скрие и ќе рече и јас ќе лежам како овие у рововите. Овде не спиевме до 04,00 часот сме биле за Македонија. Овде не се зборувало за ништо друго освен за Македонија кога се спомнат Ромите и не знам кои други. Откако се средивме почнавме лека полека да се развиваме, да се приближиме. Сето тоа е од корист за РМ, нема корист РМ од таа заоставштина, од гета, од гетоизација, Шуто Оризари тоа е гето. Нема кого да го копираат, нема од кого да навикнат начин на живеење, популациона политика. Ние работиме најмногу од сите други партии. Јас сум многу пишман што прифатив да живеам таму. Едно време по наредма на СКМ отидов таму да ги поведам луѓето. Замислете до кој степен одело тоа, еве нервозно дискутирам, немојте да ги сметате тие национални партии како што јас воопшто не сметам дека СДСМ е национална затоа што 99,99% се Македонци. Или либерална, демократска, граѓанска. Ние во куќата сме 4 за гласање сигурно во три партии ќе бидеме и ќе ги дадеме гласовите, јас си знам уште од сега. Има противставени мислења. Немојте да сметате дека овие мали националнсоти затоа што се мали, јас сум поголем комунист од вас, да се разбереме млад колега, вие не сте биле ни родени. Од 5 септември 1955 година. Кај сум бил? Тука во партијата ги вршев задачите на партијата.

VII/3.-

Ова што направив јас во 1990 година партија заради тоа што никој не го посавува тоа прашање, секој гледа за себе, па сега почнавме да му се сневиди. На кому му пречи ако и децата Роми учат на мајчин јазик факултативно еден до 2 часа неделно, а тоа да му објасни што значи на Македонски наставен јазик тоа и тоа заради тоа што и дома не учат да зборуваат ромски, да бидат добри, тоа значи и за другите и третите. Зошто вака правиме? Дали можеме да бидеме заради тоа што ПДП има 20 и кусур како и ПДП-А- Јас им завидувам на нивното единство, тоа е добро, на нивната популација, на нивната баеса, меѓутоа, тоа ќе носи само прогрес и мудрост внатре во националната, мудрост како овде дискутираат луѓето, образовани сигурно ако им се даде шанса на Ромите, Турците, и други овде ќе бидат само образовани и ќе дискутираат на равна линија заедно со сите вас, со Македонците. Ние сме неделива целина. Зошто баш од тој аспект заради тоа што се малку овие националности. Од надвор луѓето кога доаѓаат не ве прашуваат вас, туку нас. Значи имаше право еден наш пријател кога рече кога Македонија убаво ќе се устрои, ќе се зацврсти ќе ве избришат, ќе бидете тргнати, не ќе бидете фермани. Јас не мислев така меѓутоа доаѓа време да се овистинува тоа. Тоа ќе биде срам за сите нас овде затоа што јас се сметам за Македонец опростете, вие сте Славјани, моите прадедовци се од Индија, на Карпатите не знаат дека сте Македонци. Кога дојдоа вашите пра, пра дедовци овде - Македонија Македонија и јас сум Македонец, не сум Индус туку Македонец, Ром по националност. Мислам дека се прави една огромна неправда спрема одредени мали националности. Сигурно ќе дојде еден ден кога целата популација во РМ без разлика на нивното потекло Албанци, Турци, Роми ќе дојдат до таа граѓанска свест дека ни во преамбулата нема да пишува она што го пишува сега. Ако ја погледаме преамбулата на другите устави

во социјализмот доаѓа странец ја гледа само преамбулата, па историски дел, па не знам што. И тука пишуваше во тие уставни амандмани, 52-иот специфичните права на националностите на образование, наука, култура воспитување, на истакнување на своите симболи што од тоа? И сега тоа пишува, па после со прогласување на Уставот, од 1974 година тие права беа тргнати во правата на граѓанинот и човекот, се мисли на етничките групи. И тука беа вметнати тие права. Што од тоа? Никој не смееше да каже збор. Не смееше заради тоа кој е тој човек да му ја скинеме главата на суд 5 години без пасош. Сега е демократија и во ова демократско доба да се дозволи такво нешто, мислам дека не е во ред, би било срамота и она што јас го кажав мислев за мојот амандман каде што мислев не сакав да кажувам опширно, но ова што нашиот колега Кенан Касипи го кажа тоа, тоа е тоа и мислам дека треба да се разбереме понатаму можеме јас лично од утре да не доаѓам воопшто а ќе земам плата. Што, па не сум потребен.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Основната поента за менување на стариот изборен закон во суштина иако имавме мнозински принцип на избор кој требаше во РМ да создаде бипартивен партиски систем или двопартиски партиски систем, но во суштина самиот модел како модел покажа дека е неадекватен и од тие причини ние сега се обидуваме да го промениме новиот законски проект, а тоа е и со мнозински принципи имавме мултипартиски систем во Парламентот. Тоа значи беше изразена хетерогеноста на граѓаните во РМ не само по субјективитетот на граѓаните, туку по опцијата, по

преферентноста, по положбата и тн.

Поаѓајќи од тие принципи дека таа хетерогеност во РМ да се озакони и тој закон реално да ги уреди сите односи во државата изборниот закон, дефакто, се понуди пропорционалниот модел. Пропорционалниот модел во суштина има повеќе значења, не само тоа што политичките партии ќе ги изгубат гласовите во мнозинскиот принцип на пропорционалниот принцип да ги надокнадат како опции кои ги добиваат, туку во суштина сакаме мултипартизмот во пропорционалниот модел да го даде тој резултат, да го озакони тоа што во РМ го имаме како хетерогено.

Пропорционалниот модел значи силна фрагментација на политиката сила. Сам како себе модел значи оптирање, живеење на повеќе политички опции во земјата, но никаде во светот чист пропорционален модел не е прифатен, секогаш во РМ еве како и сега што нудиме да биде комбиниран системот значи едниот со другиот да стварата една логична целина и најверодостојно да ја изразат желбата на граѓаните на Рм од една страна, гласот да има еднакво значење од друга страна, а од трета страна да ја изразат хетерогеноста на населението и волјата.

Сега сакам да кажам за пропорционалниот модел. Пропорционалниот модел во дадениот случај иако значи силна фрагментација давање на политички партии да можат да влезат во Парламентот предизборниот праг и прохибиционата клаузула позната во правната наука значи да ги даде очекуваните резултати кои му ги нуди пропорционалниот модел.

Во суштина ако направиме пропорционален модел без предизборен праг се неколку негативни страни кои можат да ни се случат. Не е точно дека само политичките партии од националностите ќе го изгубат значењето. Не. Тука се мисли на една подруга опција, на

пропорционалната листа без предвидување на прохибициона клаузула и предизборен праг во суштина многу политички моќници без кредибилитет на народот ќе дојдат во Парламентот. Тоа е основната критика и од тие причини, дефакто, се воведува прихибиционата клаузула, оние кои немаат кредибилитет меѓу народот да не можат да дојдат во Парламентот. Тоа е едната причина.

Не е точно дека само малите политички партии на националностите ќе изгубат, туку и оние политички партии од граѓанството во РМ кои се мали и кои само заради политички цели на одредени политички моќници функционираат во земјата дефакто ќе нема место во Парламенотот да дојдат.

Што значи профибициона клаузула? Прохибиционата клаузула значи сепак коалицирање и пропорционалната метода на избор на пратеници. Правење на пошироки сојузи, сојузи поради заеднички опции и оптирања за изразување, артикулирање на субјективни и на објективни и какви саскате интереси кои ги имаме различни согласно Уставот на РМ. Судрени двата модела во суштина треба да прават една целина, една рамнотежа. Ако веќе прифативме на мнозински принцип само двата канди- дати да одат, тогаш прихибиционата клаузула од 5% не значи дека во РМ нема да ја изрази хетерогеноста на населението? Ќе ја изрази, туку само ќе овозможи правење на пошироки сојузи во РМ и вистински кредибилитет на претставувањето на тие политички опции. Од тие причини се предлага и таа прохибициона клаузула. Ако останеме да немаме никаква прохибициона клаузула во суштина ние де фатко ќе овозможиме некој кој нема кредибилитет меѓу граѓанството да претставува своја политичка опција, а тоа се тие политички моќници кои ја изразуваат волјата политичка моќ на тие слабости, на тие законски

проекти што еве до ден денеска ги имаме. Од тие причини мислам заедно во една логична целина едниот коефициент прифатен како прохибицона клаузула од една страна и моделот во мнозинскиот принцип дека двата кандидати треба да одат во вториот круг на избор на РМ ќе овозможат да имаме повеќепартиски систем и во Парламентот и да имаме повеќе партии кои нема да бидат во Парламентот, а во суштина ќе прават пошироки сојузи да ги изразуваат своите политички опции. Сакаме да имаме ефикасна и стабилна власт во РМ која сепак ќе ги изразува сите хетерогености кои ги имаме во државата.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Има прашања за кои воздржувањето дефакто значи поддржување на една опција која се предлага и на некој начин поддржување на една неправда која би можела да настане со усвојуваше на одреден предлог.

Сметам дека ние кои можеби не сме засегнати толку од овој висок праг за влегување во Парламентот на некој начин се однесуваме доста комотно и сигурно дека не сите ние тука сме засегнати од тоа што одреден број на пратеници или претставници на одредени етнички или политички групации го искажуваат, но во секој случај сметам дека не би требало да мине така не издискутирано ова прашање и на некој начин да се обидеме да изнајдеме соодветно решение за овој проблем кој се

истакнува и кој мислам дека не може да се постави на страна и да не се обрне доволно внимание.

Имено, Законот кој сега го менуваме стариот Закон за пратеници наидуваше на големо негодување од страна на нас Партијата за демократски просперитет и голем број други партии токму поради тоа што од една страна ја немаше истата тежина на гласот односно не ја пресликуваше волјата на гласачите во Парламентот што во голема мера сега зборувајќи по однос на тоа што е предложено, големината на изборните единици, разликите кои се предвидува да постојат со предложениот закон сигурно дека ќе се надминат, но останува праша-њето на претставувањето на волјата на сите граѓани односно на посеб-нтие еднички клективитети.

во овој случај сметам дека можеби погрешно се размислува кога се предлага дека решението е само во симнувањето на прагот за влегување во Парламентот. Мислам дека тоа е еден ризик кој во пракса може да се покаже дека не ја остварува таа цел за која предлагачите се залагаат. Затоа јас мислам дека пристапот требало да биде сосема друг иако свесен сум дека тоа што сега ќе го кажам можеби во РМ ниту постои подготвеност, ниту свест, ниту готовност да се размислува, а камоли да се постапува на тој начин, но мислам дека треба да се размислува сериозно во РМ да се воведа квоти.

Квотите се единствениот начин на кој на националностите ќе им се овозможи да бидат претставувани легитимно во законодавниот Дом. Без тоа пропорцијата односно снижувањето на нискиот праг може да се покаже како неефикасен. Во овој случај сигурно дека се поставува прашање на кој начин да се одредат тие квоти, кој да гласа за тие квоти и колку да бидат тие квоти.

Во секој случај тоа не е прашање на понудување на еден амандман и да се каже дека за одреден број на националности се определува квота од 10 пратеници и тие да се поделат на одреден начин затоа што пак ќе се постави прашањето кој ќе гласа, на кој начин и кој ќе ги предлага.

Мислам дека во догледно време сметајќи дека сега тоа може тешко да се оствари, треба да се размисли за изборни списоци и по национална припадност ако не за сите граѓани во Рм, тогаш за тие националности кои би се оценило дека тешко ќе можат да го поминат овој праг или праксата ќе покаже дека високо поставениот праг не може да се помине. За нив би требало да постојат гласачки листови, да се предлагаат посебни кандидати и нивната волја по однос на тие што ќе ги претставуват да се изнајде и на тој начин да можат да се претставуваат во Парламентот.

Секој друг начин мислам дека било преку предлагање на кандидати од одредена националност во поголемите партии, коалицирање и сите други работи, мислам дека не ја претставуваат суштината на барањето да имаат свои легитимни претставници кои ќе го изразуваат мнозинството на волјата на тие кои претендираат да имаат свои претставници. Затоа сметам дека на ова прашање Министерството за правда и Владата ќе треба уште еднаш да се навратат и евентуално да размислат во иднина како да се постапи додека во сегашниот момент имајќи во предвид дека сепак барањето од партиите од националностите кои сметаат дека на овој начин ќе им биде удоволено, односно ќе им биде овозможено да бидат претставувани во Парламентот, јас

предлагам сепак да го прифатиме нивното барање прагот од 3% или 2% не знам колку се предлага, мислам дека на крајот испадна 3% не е енормно низок за да се спречи така како што г-динот Туше Гошев рече инфилтрирање затоа што со 3% веќе се спречува било кое инфилтрирање на политичари кои немаат кредибилитет и поддршка од гласачите.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас мислам дека со претходниот дискутант кој дискутираше и образложи нешто за овие националности, мислам дека правото ни го одземате на овие националности на 200 илјади избирачи во Македонија на пропорционален систем, затоа што не носите на 5% на пропорционален од тие 5% на 200 илјади избирачи им го одземате правото во Македонија. Дали е тоа правилно во Македонија и ваков закон да се донесе на пропорционален систем кога мислите дека треба некој пропорционален систем или мнозински систем од 85 со 35 некои шеми се прават во државата националностите да ги нема во Парламентот.

VIII /1. -Ј1П/МЈТ

**АМДИ БАЈРАМ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И да не ги застапува правата овдека тогаш дајте еден мнозински систем како што бил досега, или да биде пропорционален систем, да не биде 85 со 35 пратеници, тогаш така нека биде. Да одиме на пропорционален систем колку сме, толку сме, ако добиеме, добро е, ако не добиеме ... Инаку, што значи ова? Со ова како да не сме жители на Република Македонија како да не сме државјани на Република Македонија. Што значи ова навистина? Со ова навистина се создава нешто против нас националностите. Значи, дојдовте до своите права, дојдовте до признавање уште малку, на Македонија, дојдовме до се и што треба сега? Националностите - има двајца-тројца досега од националностите во Парламентот и гледате полека, полека да не снема и толку колку што не има. Па кажете, ако е за тоа. Власт, држава, регистрација, партии, немојте да дозволите од 5% подолу, ова што го предлагате, партии да се регистрираат. Под 50 иљади, 60 иљади жители што има некоја националност да нема право да формира партија во Македонија. Тогаш дајте на оние кои имаат по 100 иљади жители нека формираат тие партија, а за нас во Македонија да биде забрането. Сте ни дале, формално ни давате, а од друга страна не газите, не фрлате во вар. Значи, тоа не е добро. Дајте размислете малку за нас националности- те, не само за ромите, турците, бошњаците, србите, ќе треба по еден пратеник да има. Ако не може по пропорционален систем, нека биде по квота по еден застапник. Изборните единици се такви што најнормално националностите или кој како живее, се знае дека нема мнозинство на ниедна изборна единица. Да имало досега мнозинство, ќе имаше 30 пратеници од националностите. Не ги земам предвид албанците, затоа што тие се околу 430 иљади жители во Македонија. Не е тоа малцинство, тие се втори по ред државјани во Македонија по бројност. Сите ние сме многу помалку, помалку и од 50 иљади. Со

VIII /2. -

законот кој сакате да го донесеме овде за избор на пратеници на пропорционален и мнозински принцип сте ни го скратиле правото и не ни го давате правото да можеме и ние другите да учествуваме на изборите на пропорционалниот систем. Ако мислите така, одземете 35%, нека не бидат 35 пратеници на пропорционален систем избрани, сметајте на националности, на квоти 5, 6,7 пратеници, нека си биде по клуч по еден пратеник тука. А со мнозинскиот систем дали ќе добие - ако има, нека добие, ако нема не мора да добие. Овде има една редица од националности. Кога ќе дојде некој претставник од странска држава или кога доаѓаат делегации навистина кажуваме дека сме демократи и треба да бидеме демократи. Мислам дека ова не води кон добро. Значи, вие не вклучувате националности и ние што сме во Македонија помалку од 5% ние да се здружиме, сакате да правиме национален блок. Трет национален блок сакате во Македонија. Со сила не терате да се здружиме и да има трет национален блок во Македонија. Тоа не е добро. Размислете малку дека тоа не води кон добро. Тоа ќе води кон лошо. Би требало или по клуч да биде на квота или сега ќе дојде на ред мојот амандман во кој предлагам да се оди со 2% или амандманот на пратеникот од Демократската партија. Затоа, размислете како треба. Нормално, граѓаните од секоја националност се иритирани, мислам на оние што се помалку од 5%. Или за никого да нема, 0% нека биде, нека биде отворено пропорционален систем, нека биде еднаков за сите, па да видиме како ќе биде. Најнормално, мислам дека треба да се размисли, а немојте сега да велите вака требало, така требало. Нормално, секој си крои како што му одговара за да биде подобро. Размислете малку за националностите. Не не терајте да се здружиме да правиме трет национален блок во Македонија. Тоа е тоа, јас кажувам отворено што ќе се случи во Македонија и да не етикетирате после како друг национален блок. Не би сакал тоа да се случи. Размислете подобро нека биде.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Немав намера да отворам жестока расправа, не ми е ни манир да го трењирам вашето трпение, меѓутоа, јас ќе морам овде да изнесам нешто дополнително.

Прво, се спомнаа национални партии. Овде веројатно има луѓе кои се бават со таа проблематика. Националните партии не се специфика само на Македонија, ниту тоа е изум на турците или албанците. Националните партии се карактеристика на организирање на припадници на одреден народ, кој во одредена држава има својство на малцинство. По тој основ се организирани и македонците во Бугарија и македонците во Грција и никој не инсистира да се здружуваат со некого за да ги добијат своите права. Тоа е општа карактеристика на припадниците на одредени народи, кои во одредена држава имаат статус на малцинство, сметајќи дека единствено на тој начин најдобро ќе ги артикулираат интересите на националноста на која и припаѓаат. Тоа е факт, тоа е непобитен податок и околу тоа не треба да се спори. По тој основ се организирани и националностите во Република Македонија. Не прифаќам импутации од тој тип од причина што одговорно од оваа говорница тврдам дека турците во Република Македонија можеби имаат најдобра политичка свест. Тие денес членуваат во многу политички партии, тие денес се спремни да го дадат својот глас и на други политички партии. Партиите на кои вие припаѓате размислете колку се спремни да го дадат својот глас на Демократската партија на турците, надвор од тоа што и од статутот и програмата е приближно слична го признава територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија, пазарна економија итн. Импутации од тој тип не дозволувам, ниту пак коментари од тој тип.

VIII /4. -

Втора работа, кога станува збор за политичката свест, ние сме сведоци дека живееме на еден Балкан на кој сеуште има воени жаришта и на кој сеуште има висок национален емоционален набој и каде што сеуште нема спремност да се размислува токму по граѓанскиот принцип и каде секој .национален блок си го дава гласот на својот национален блок. Тоа е факт. Ние сеуште не сме се одлепиле од тој национален романтизам за да зборуваме со полна уста за една права граѓанска демократија. Дури, ниту една Словенија која и покрај таа висока политичка свест сватила дека на припадниците на унгарската и италијанската националност, кај словенците сеуште нема свест да го дадат својот глас, па на едни такви мали групации обезбедува квота. Тоа е во интерес на нивниот меѓународен реитинг. Ние можеме овде се да зборуваме, меѓутоа, меѓународните институции ги гледаат работите со други очи. Јас само да ве потсетам дека Република Турција денес не потпишува документ во кој стои поранешна Југословенска Република Македонија, тврдејќи дека јас таква држава не познавам, јас сум ја признал Република Македонија. Ние овде правиме проекти во кои што дефакто, јас ви тврдам одговорно, нема да има претставник од турската националност, доколку некој од политичките субјекти не се смилува па да даде висока позиција на нивната пропорционална листа. Велам ако не се смилува, бидејќи кога доаѓаат лични интереси во прашање, се нудат места во листа - па јас ќе извадам 300 илјади гласови, еве ти го 17-то место. Ќе ве молам, да не се играме со тие работи. Ова се премногу сериозни работи. Ова е реалноста во Македонија. Видете, какво е тоа одолжување, на една држава која со сите сили во сите инстанци ја штити Македонија, ние ќе дозволиме овој Парламент да нема припадник од таа националност, која со Уставот од 1974 година беше еден од творците во оваа држава и во војната, како што зборуваше Фаик Абди. Ова се работи

кои не се израз на мојата сопствена волја. Израз на една реалност која може да се регулира преку нашата легислатива. Не дека не може, може.

Овие наши ставови беа пренесени на премиерот, јас треба да бидам искрен. Дури, ме изненадува што постоеше волја и дури имав чувство дека постои загриженост меѓу коалиционите партнери дека со понудениот текст дека и те како се отежнува ситуацијата на турската националност, зашто евидентно е дека преку СДСМ или некој друг политички субјект има поголема шанса да кажеме припадник на влашка националност, па дури и на српска националност овде да се изнесе преку таа листа како пратеник. За жал, со турците тоа е малку попроблематично, бидејќи поголемиот дел од турската националност во овој момент се спремни да го дадат гласот на Демократската партија на турците. Замислете, можеме да дојдеме во позиција да имаш 25 илјади гласа сумирано на ниво на земја или 30 илјади, а заради тоа што не можеш да ја постигнеш квотата да речеме од 50 илјади гласа, реално доколку од 1,5 милион гласачи излезат милион гласачи, 5% е околу 50 илјади и замислете, немаме претставник. Немаш претставник до 47 илјади. Тоа се сепак едни размислувања кои не насочуваат да размислиме, во крајна линија,што би изгубила Владата и колку би се дестабилизирала со уште тројца пратениците од припадниците на националностите. Тие аргументи не држат. Оти евидентно е дека со постојните политички односи и сили пак ќе биде формирана дво или тропартиска Влада и било каков поинаков однос не може да ја наруши таа рамнотежа. Ние го сондираме јавното мислење. Неможе припадниците на три националности да го нарушат тој соодност. Тоа е факт.

Сакам уште нешто да кажам, да се осврнам на она што господинот Туше Гошев го кажуваше. Теоретски сето тоа е добро, доколку ние би живееле да речеме во една средина во која не би биле контаминирани со

ништо. За жал, ние живееме во Македонија и јас само уште нешто да му кажам на господинот Гошев. Јас би бил многу среќен кога господинот колега, ценет пратеник во една средина во која има 29% припадници на македонската националност, а се друго се други националности, излезе како пратеник во ова Собрание. Од една таква изборна единица излегов јас. Меѓутоа, сега тврдам дека со проширувањето на изборните единици и со зголемување на бројот на гласачи веќе и таа можност не за мене туку за било кој друг е сведена на минимум. Тоа е реалност, тие реални показатели мораме овде да ги респектираме, а друго е овде да кажуваме за не- кои теоретски размислувања и тн.

Благодарам што ме сослушавте, очекувам министерот на крај да го даде завршниот збор, бидејќи имав одредени предлози, сакам да се изјасни за да можам да ги активирам амандманите кои веќе се напишани. Мислам дека бев јасен.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници, по повод овој амандман најпрво сакам да се претставам во смисла дека ќе земам учество од два аспекти. Првиот аспект се однесува на моите искуства и сознанија во однос на изборните компаративни модели и вториот аспект на моето застапување ќе биде затоа што претставувам граѓани од мојата изборна единица и од мојата општина, па и пошироко од Тиквешијата, во која што има застапено и срби, и роми, и турци. Не е непознато, не е неприсутно во достигнатиот развој како

придобивка од парламентите со развиена демократија, конкретно јас можам да го потврдам од моето искуство случајот со праксата и функционирањето на Парламентот на Данска и изборниот модел за Данска, каде во делот на пропорционалниот модел, покрај генералниот таканаречен праг има варијанта на предвидување во самиот изборен закон на помпал изборен праг кој е така уреден за да даде можности, не само како што во оваа расправа се рече, можност за влегување во составот на Парламентот на националностите, туку таму се квалификува како можност за помалите политички партии кои застапуваат специфични интереси на одредена структура граѓанство, за да бидат во можност да влезат со свои застапници во Парламентот. Таму имаме пример, типични примери во многу западни демократии во кои има двопартијни или тропартијни парламентарни системи. Тоа се парламентите на левиот блок, десниот блок и на центарот. Типичен пример на развиена парламентарна демократија во голем број западни земји е постоење во составите на парламентот на лев, десен блок и блок на центарот. Преку пропорционалниот модел, она што се предлага сега со амандманите на господинот Ќенан Хасипи и на господинот Амди Бајрам за дел на мали партии, јас нарочно нема да квалификувам за партии на националностите, дел на мали партии да имаат можност со понискиот изборен праг и да се вратам на содржината на членот за кој е поднесен амандманот, а и за јавноста дека се работи за следното: во распоред на пратеничките места по пропорционалниот изборен модел тие да се распоредуваат на оние партии и ќе потенцирам, на оние подносители на листа во непосредното предлагање како група на избирачи, тоа е илјада за одредена листа на кандидати што е предвидено во овој закон, за нив да можат да учествуваат во распределбата на пратеничките места ако добиле најмалку 5% од гласовите по пропорционалниот модел.

VIII /8. -

Овде беше искажано дека тој таканаречен изборен праг за влез во учеството во распределбата на пратеничките места е превисок од аспект на малите политички партии. Не треба да се ограничува таа квалификација за кои партии се однесува само во делот на ова што значи партии во кои поголем број припаѓаат на националностите, тука не треба да ги запоставиме - еве јас потекнувам од земјоделска општина, можни се одредени политички организирања на таква структура на земјоделци, можна е организираност на граѓанство во селските населени места, можно е како што веќе постои организираност на женска структура во одредено политичко дејствување, на млади и тн. За сите овие, па дури и за специфични цели на организирање на одредена структура како еколози и тн. Во таа смисла, како и кажувајќи го примерот од Парламентот на Република Данска, каде што ова е утврдено и каде функционира и каде не случајно се прифатени тие пониски изборни прагови за влез во Парламентот на помалите политички партии, каде што веќе е утврдена традицијата на функционирање на позиција и опозиција и центар во Парламентот. Тоа е аргументација која е во прилог на поддржување и на овој амандман од господинот Хасипи и наредниот од господинот Бајрам.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Застапувајќи ги граѓаните, како жители Срби, Роми и еден мал дел на Турци од мојата изборна единица исто така имам обврска во поддржувањето на овој амандман да изразам едно застапување кое што ќе биде во прилог на можноста глобално, бидејќи во пропорционалниот модел цела Република изборна единица преку оваа форма односно преку понизок праг за влегуваше на распределба на пратенички места по пропорционалниот модел истите бидат адекватно застапени.

На крајот, сакам да кажам она што беше изразено во расправата по овој амандман дека во конкретниот случај и како претставник на Владата и како парламентарно мнозинство во Парламентот треба да профункционира, како што беше случај во доста претходни изјаснувања со прифаќање на амандмани од претставникот на Владата со уште поголема аргументација и во овој случај, затоа што респектот кон претставниците на помалите политички партии, и овде што бегае искажано кон застапувачката функција на претставници од партиите кои со поголем број се застапени националностите мислам дека обврзува вака долгата дилемична расправа, исто така кажува дека ова понудено решение како основно решение не ги погодува во најголем број интересите и на помалите политички партии. Тие два аргумента одат во прилог и на она што е мое застапување и овој амандман да биде прифатен.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Вечерва немав намера да се јавувам за дискусија и по овој амандман, затоа што требаше досега, овие два три дена да се јавам едно 10тина пати најмалку за сите други амандмани, а причината е тоа

што јас самиот имам поднесено 11-12 амандмани, што значи најмалку да излезам 13 пати на говорница. Меѓутоа, излегов на говорница да ви докажам една вистина бидејќи со овој амандман кој го предлага г-динот Кенан Хасипи, со своите колеги не ги ризикува во никој случај интересите на Албанците во Македонија ниту пак мојата партија, меѓутоа бидејќи се борам во прв ред за интересите на Албанците и на мојата партија и покрај тоа што ќе имам друга работа, неколку пати за моите амандмани ако дојдат на ред вечерва или друг ден, тоа е многу осетлива работа и овој Парламент прави уште една голема грешка. Со прагот од 5% да бидеме на една чиста работа. Денеска решаваме за судбината на помалите националности во Македонија. Во идниот Парламент во зависност како ќе бидат распоредени изборните единици, додека сега имаме еден претставник од турската и еден од ромската, можеби ќе имаме само еден од ромската а од турската ништо, затоа што и така г-динот Кенан Хасипи доби во коалиција со една заедничка партија на Албанците. Додека со овој принцип, пропорционалниот уште потешка е ситуацијата и со од овие националности не може да добие ни еден. Со 5% значи околу 70% од гласачите треба да гласаат. Значи, да го немаме. Ред е и во спротивност, некои многу нететорски мислења, многу ширења на идеи за граѓанство и ден денеска на друг начин, на перфиден начин се репродуцира она лажното братство единство. Сега се знае дека сме распоредени по разни национални партии и единствено припадниците на таа националност ќе ги застапува, нормално врз основа на Уставот и законит во оваа Република интересите на својата националност, не на многу чесен начин, туку многу ги познава тие проблеми, обичаи, јазикот, културата, ќе биде во контакт со луѓето. Тогаш како што пишува во

преамбулата, различни членови на Уставот и во меѓународните норми, конвенции, значи треба да бидеме рамноправни по национален поглед и во овој случај. Дајте да го докажеме тоа токму на дело.

Според мое мислење најмалку, според овој принцип, пропорционалниот кога се работи за член 94 став 6 кој се предлага во амандманот во Македонија во иднина освен Македонците и Албанците нема да има ни еден друг припадник. Според мое мислење овој Парламент ако сакаме да работи рамноправно, да биде модерен, демократски парламент, неможе да се засмисли барем по еден пратеник најмалку и од Турците, Ромите, Србите, Бошњаците, Муслиманите, па би рекол и Власите, се знае нивната тешка историска судбина и како се тие 7-8 илјади, а мислам по потекло се, незнам колку, ќе го згрешам тој голем број, па затоа да бидеме добри демократи, јас повторувам, со нас Албанците, мојата партија нема врска, се знае каков е нашиот распоред, таму каде ќе бидат тие кои ќе ги поддржувам јас лично во листа на кандидати ќе видиме како ќе биде тој распоред и колку ќе добијат, значи нема да изгубат ни еден глас по овој принцип. Во тие изборни единици по мнозинскиот систем е друго прашање, ќе видиме за тоа и затоа многу ве молам, во името на правдата, на вистината и го делам мислењето не само на малите национални колективитети, туку воопшто и на Албанците и на Македонците во цела Македонија да им се даде можност, дури и 3% е многу јас лично би било за 1%, иако мојот амандман е за 2%, да им се даде можност, додека за Власите една посебна квота. Каква ќе биде таа незнам, тоа е прашање на предлагачот и на овој парламент.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Дами и господа, пред два дена кога опширно го образложував своето мислење во однос на оваа материја, неслучајно реков дека се

остварува радикално, сериозно реформи во изборниот систем првенствено треба претходно да се врши длабока објективна анализа на реалноста односно севкупната реалност во РМ било да е во прашање економскиот сегмент, социјалниот сегмент, етничкиот, културниот и т.н. само врз основа на таа инфраструктура да се изгради нов изборен систем, односно да се настојува да се развиваат изборните реформи од тој аспект.

Реформите во изборниот систем според мое длабоко убедување воопшто не се едноставна материја, туку едноставно претставува доста комплицирана материја и не може прашањето на реформите во изборниот систем да се сведува на тоа кој изборен модел ние можеме да го избереме за идните избори, туку се работи за севкупните анализи на состојбите и потоа изборните модели и подмодели кои постојат во рамките на постојниот модел. Ако сме за мнозинскиот систем односно врз основа на анализите се определуваме дека нас ни одговара врз основа на таа реалност мнозинскиот систем, тогаш кој мнозински модел и кој подмодел. Ако се работи за пропорционален модел дали се работи за фиксна листа, дали ќе се оди во комбинирана листа, селективна листа, дали ќе се оди во персонален пропорционален модел, дали ќе се оди во една изборна единица или повеќе изборни единици, сите овие комбинации мора да се имаат внатре и тука да се концентрираме на конкретното прашање. Изгледа дека сепак можеме и треба да се сложиме дека недостаток на предложената регулатива е дека треба да постои систем на квоти или систем на резервации на места. Јас сум убеден дека вака како што е предложено, како што е дадено во предлогот на законот тешко дека 2-3 националности да дојдат до нивни претставници во овој дом, што е исто така лошо не само што нив нема

нив кој да ги претставува најнепосредно во рамките на овој највисок дом, туку е во прашање и демократскиот сегмент и демократскиот имиџ на нашата држава пред меѓународната заедница.

Јас лично и не верувам дека со смалувањето на елиминационииот праг, во глобала ова го кажувам, дека ќе се постигне нешто корисно односно позитивно. Напротив мислам дека таквото смалување може да доведе до една поголема плурална конфузија од причина што ќе ни дојдат и такви политички партии кои едноставно немаат политички идентитет, немаат политичка програма, туку само се собрале една група на луѓе кои според законот за политички партии ги исполнуваат условите за формирање на политичка партија, пша слободно можат да излегуваат во изборната трка. Значи, практично може да доведе до една изборна конфузија, а таа конфузија ќе се рефлектира и во работата на овој Парламент. Важно е во светот изборното тело да се триполаризира, што значи тоа претпоставува дека би требало да постои левиот, десниот блок и центарот. И ако ни најрелевантните партии не е убедени дека можат да се пофалат дека го имаат изградено овој идентитет, односно дали спаѓаат во левиот блок, десниот и тн. без оглед на формалната декларативност од причина што ние и во рамките на една лева партија имаме поддршка на макрокапиталот а исто така и од една десна партија имаме однесување против макрокапиталот, што е контрадикција помеѓу себе.

Но, да се вратам на прашањето.

Сметам дека системот на квотите одговараат, меѓутоа, исто така претпоставува длабоки анализи не само од техники аспект, туку и од

другите аспекти и тоа исто така претставува доста комплицирана причина што не постои документација, не постои евиденција на националната припадност. Тоа е многу те како да се изведува во нашиот политички амбиент. Се тоа тоа може да наликува на системот на квоти кои беше и уште е на сила, воведен во рамките на високото образование, каде повеќе луѓе од друга националност фиктивно се декларираат дека припаѓаат на сосема друга или треба националност, само да ги остваруваат нивните интереси. Тоа да не го гледаме на запад, затоа што едноставно на запад овој систем се гради со декади и тие имаат длабоко искуство од тој аспект. Можеби за почеток ние можеме да се послужиме од искуствата од Хрватска, Словенија, меѓутоа не знам колку времето го дозволува тоа.

На крајот, да не испадне дека нема излез од оваа ситуација, јас мислам дека можеби денеска треба да престанеме да работиме за да размислиме како може да се воведе таканаречениот систем да се намалува елиминациониот праг, меѓутоа само за одделни национални заедници, односно националности, кои таксативно мора да се избројат во идниот закон. Ова го давам само како идеја, иако не сум убеден дека има време за тоа.

**ФАИК АБДИ:**

Излегов само за една работа. Дали човекот така мисли што не верувам дека така мисли, можеби само за непознавање на одреден јазик, можеби јас не го познавам доволно, па треба да го збогатам мојот англиски јазик. Господинот Туше Гошев спомна во својата дискусија не елиминационен праг, туку прохибиционен праг. Не е исто тоа. Во

IX/7

времето на прохибицијата во Америка кога се произведуваше пиво, заради тоа што беше забрането се продаваше многу поевтино, па виски, незнам што, таму се правеа некои работи, заради тоа што е таму забрането. Ако досега било забрането, ова што постои во Собранието на РМ, тогаш добро е да се каже дека е прохибиција. Мислам дека е срамота за Македонија да се служиме со таков термин прохибиција. Тоа е елиминирање на едно, на друго. Да се служиме со друг термин не со прохибиција. Тоа е срамота. Јас знам дек Туше Гошев не го знае јазикот, но тоа е тоа. прохибиција се знае што е. Прохибиција, супституција, институција и т.н. и т.н. Тоа е тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Познато е дека големите риби ги јадат малите, ама дека толку ке бидат себични и толку ќе ми сметаат тие мали риби ако се мали, еве, вечерва се убедуваме и во такви нешта.

Зошто толку да пречи и толку да се експлоатира поимот дека некои партии се мали, дека некои партии немаат идентитет. Тогаш ајде да се договориме, две партии или една партија, ќе направиме повеќе еднопартиски систем и ќе го делите колачот како што сакате. Молам, богатството на плуралното однесување е точно тоа. Ако вие сте тестото, често пати ние сме кремот и, не дозволувам никогаш некој да ме наречува мал пратеник од мала партија.

Вистината тука кажува друго, покажува однесувањето тука, господо, на говорница и воопшто во се. Не може квалификација "да ги елиминираме малите партии" партиите од другите националност»- Значи ни пречат. Па, ако сте толку големи што ви пречат?

Второ, на Туше Гошев, дали ќе елиминирате Вие, со овој праг од малите партии да нема претставници? Не можете. По мнозинскиот може да има претставници. Мнозинскиот модел дозволува. Нема праг.

Сме ли сигурни дека не можат таму да поминат некои како пратеници? Не може, нели!? Според тоа, отпаѓа тоа дека ќе направат тука некој хаос тие неколку пратеници, повеќе условно земено помали.

Второ, кога го потенцирав прашањето на еквивалент, еднаква вредност, ќе ја дадам следнава споредба.

X/2.-

Ако, условно земено, по пропорционален модел, излезат да гласаат 1 милион и 350, ќе земеме, тоа значи дека за прагот се потребни 67.500. Многу висок процент, да се разбереме. И сега додавам, ако во мнозинскиот модел со прагот дека двајца кандидати одат во вториот круг, каде што интересот на многу партии во вториот круг ќе биде опаднат, каде објективно треба да очекуваме одзив на избирачите дури и под 50%, може да се случи следна ваква споредба: Вие да имате 4,9%, тоа значи некаде 65-66 илјади гласови, да не ви вредат, а по мнозински модел со 6.000 гласови да влезат пратеници. Ќе ве молам, 10, 11, па дури и 12 пратеници по пропорционален модел ќе бидат жртвувани во интерес на мнозинските пратеници.

Кои се тие односи, ве молам,? Дај, малку така да размислуваме. Кој е тој еквивалент на однос? Со 60 гласови можат да поминат 10 пратеника по мнозинскиот модел овде 60 илјади гласови да немаат вредност. Едноставно да ги земе некој друг. Мислам дека прагот од 3% да не го занемарувате. Прагот од 3% бара некаде 40 илјади гласови. Не е тоа група на луѓе, господо тука група дискутанти. Извинете. Па, 40 илјади гласови знаете ли вие кое е тоа бирачко тело, ве молам, по пропорционален модел? И, ние тоа едноставно го велиме се нашла група луѓе таму. Немојте ве молам. Па ние сега создаваме една демократска држава. Немојте сега ние, преку вакви инструменти, преку вакви бариери да спречуваме она што значи развој на демократијата.

Ние сеуште немаме право политичко однесуваше. Добро дискутираше еден пратеник. Ниту една партија нема комплетна физиономија, да се знае дека таа партија по однос на тоа прашање е тоа. Ние се девалвираме. Се учиме, слушаме. Примаме сугестии, и она "ќе

видиш", "ќе видиш". Ние мора да примаме. Нови сме. Мора да се етаблираме. Во сите сфери. Што е тоа што ќе биде наш имиџ, еве, ние сме измислиле прагови да елиминираме се. Ќе останат три субјекти и она што го кажуваат неколку пратеници, а треба да го афирмираме. Дали сакаме ние да формираме бинационален парламент овде? Кон тоа одиме. Многу опасно. Бинационалниот парламент е предуслов за бинационална држава, извинете. Ако не се присутни другите тука што живеат, националности, тоа ние веќе тука во крпче, бинационален парламент, бинационална држава. Тоа ли го сакаме? Не го сакаме. Сите велиме не.

Ако е така, слушнавме силни аргументи од сите тука. Еве, не сме за праг нула, 3% математиките се тие. 35-40 илјади гласови, ќе ве молам, за да се оди понатаму. Тоа е едно разумно решение, тоа е еден компромис. Ниту нула, ниту еден. 3%. Така да го усвоиме и да одиме понатаму со донесуваше на овој закон.

Верувајте дека овие аргументи не се занемарливи. Не слушнавме ниту еден валиден аргумент. Тоа морам да ви кажам. Ниту еден. Можеше да биде праг и 10%. Зошто да елиминираме уште поситно. Валиден аргумент нема. Не можат тие неколку пратеници, според она што значи наша реалност да значат дестабилизација на Влада, на власт на односи на парламентот, па ако сакате и гласачка машинерија во парламентот. Тие 5-6 пратеници воопшто немаат влијание на тоа. Мнозинството тоа го одредува. Меѓутоа, другите аргументи, другите придобивки, другите предности, мислам дека се многу посилни во случајов на овој амандман, од повеќе пратеници предложен, со разни визии и во разни верзии.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Г-динот Стојановски бара процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да се провери дали има кворум за гласање во салата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, да се констатира присутни пратеници.

Во салата се присутни 53 пратеници.

Значи, немаме кворум за гласање.

Гласањето ќе го повториме. Збор бара г-дин Абди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ.**

Барам поединечно гласање за овој амандман да се изјаснат сите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, почекајте да формираме кворум.

Информиран сум дека во салата се присутни 61 пратеник

Го повторувам гласањето.

Ве молам, амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака?

16 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Г-динот Амбди Бајрам бара процедурално.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се сомневам во резултатите од гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници?

Молам, точно да се пребројуваат гласовите.

Констатирам дека 9 пратеници гласаа, значи нема поддршка.

(Пратениците реагираат од место дека нема кворум за работа)

Ве молам, нема постојано да се броиме.

(Инсистирање од пратениците да се пребројат во салата).

Ве молам, да се утврди точниот број на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека немаме кворум за работа. Дополнително ќе бидете известени кога ќе продолжи седницата.

Ве молам, нема кворум за работа.

Седницата ќе продолжи во вторник во 11,00 часот.

(Седницата заврши со работа во 16,45 часот.).